# ЦРВЕН КРСТ ОХРИД

# ИЗВЕШТАЈ
# за работа во 2023 година

**март 2024 г.**

## ВОВЕД

И во годината што измина бевме дел од секојдневието на луѓето кои се соочуваа со разни предизвици, но бевме и со оние кои сакаа да бидат со Црвен крст Охрид за да се чувствуваат исполнето и среќно. Особено сме горди што желбата за волонтирање и поддршка на заедниците е секогаш присутна во нашата средина. А со помош на нашите волонтери од сите генерации успеавме да бидеме поблиску до нашите корисници на услуги и сите заедно преку хуманитарната работа градевме доверба, градевме сочувство, мир и толеранција и верба во подобро утре.

Годишниот извештај на Црвен крст Охрид за 2023 година ги содржи нашите клучни остварувања и резултати, нашите предизвици со кои се соочувавме, партнерите со кои соработувавме и корисниците на нашите услуги кои ги опфативме во текот на 2023 година.

Црвен крст Охрид преку своите активности за заштита и справување со катастрофи, заедно со одговорните институции даде посебен придонес во надминување на последиците од катастрофи и активно продолжи да работи на подигање на свеста на населението, обезбедување на материјална помош и обуки за човечките ресурси со цел да бидеме подготвени за справување со последиците од климатските промени и сите елементарни катастрофи кои се секојдневие од нашето живеење на овие простори. Дадовме посебен придонес во промовирање на безбедно живеење и спроведување на здравствено превентивни активности за заштита на животот и здравјето на населението. Континуирано го промовиравме крводарителството и ги учевме луѓето како да укажуваат прва помош. Младите ги учевме како да се заштитат од разни болести и меѓусебно да се почитуваат. Социјалните активности имаа посебно место во нашата работа во изминатата година. Работевме и ги интегриравми лицата во трето доба, обезбедувавме поддршка за најмладите, ги помагавме хендикепираните, социјалните случаи, работевме со бездомниците, и раздвоените како резултат на миграции.

Преку својата мрежа на волонтери со поддршка на вработените Црвен крст Охрид продолжи да биде присутен во секојдневието на луѓето кои се соочуваат со разни предизвици и успеа да ги разбуди насмевките и довербата кај оние кои живееа осамени. Црвен крст Охрид даде придонес во промовирањето на волонтерските иницијативи кај младите за да ја поттикне нивната желба за хуманитарна работа и позитивен исчекор во нивниот живот. Ги учевме младите за позитивните вредности во животот и иницира вме нивно здружување за реализација на позитивни практики во нашата заедница.

Нашите едукативни и креативни програми за најмладите станаа препознатлив белег и успешна алатка за привлекување на волонтери и ширење на позитивните човечки вредности.

Промовиравме партнерства на меѓународен план и во државата и нашите добри практики и резултати беа препознаени од нашите партнери од корпоративниот сектор, партнерските организации од движењето и меѓународни агенции, што резултираше со обезбедување на поддршка за најразлични проектни и програмски активности за подобрување на животот на различни категории на ранливо население. Дисеминацијата и воспоставување на семејни врски исто така играа важна улога во нашата работа за споделување на хуманите вредности и меѓународно хуманитарно право и обезбедување на хуманитарна заштита. Работевме и спасување на вода и планина. И уште многу други активности кои се прикажани во годишниот извештај на нашата организација кој со големо задоволство сакаме да го споделиме со вас.

Нашите постигнувања се поттик за повеќе работа. Нашите предизвици се наша мотивација. Благодарност до сите наши волонтери, партнери и вработени што дадоа придонес во остварувањето на нашите цели.

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ

2023та година ја оценуваме како успешна во која Црвен крст Охрид ги реализира своите програмски определби, но и оствари бројни вонпрограмски активности со што уште еднаш го потврди своето водечко место како организација која се грижи за потребите на ранливото население.

**РАКОВОДЕЊЕ**

Во текот на 2023 година беа одржани 8 седници на Раководниот одбор на Црвен крст Охрид, а Собранието на Црвен крст Охрид заседаваше 2 пати. Советодавните тела на Црвен крст Охрид со свои предлози и сугестии учествуваа во изготвување на програмата за работа на Црвен крст Охрид за 2024 г.

## ДИСЕМИНАЦИЈА И ПХВ

**ДИСЕМИНАЦИЈА**

Во текот на извештајната година со дисеминација на знаењата за движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина беа опфатени преку 130лица од сите возрасти, за што со своето искуство, знаење и посветеност се погрижија дисеминаторите на Црвен крст Охрид Љупчо Милковски, Весна Терзиоска, Христина Кузманоска, Радмила Герасимова, Ана Мојсоска и Христијан Дончевски.

**НЕДЕЛА НА ЦРВЕН КРСТ**

Се што правиме – го правиме “Од Срце” – тоа е мотото со кое Црвен крст Охрид со низа активности, го започна одбележувањето на 8ми мај-Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина и Неделата на Црвениот крст и Црвената полумесечина од 8-15 мај. По тој повод на 08.05.2023 г., најпрвин делегација на Црвен крст Охрид и Здружението „Анри Динан“ од Струга како и делегација на Советот на општина Охрид придружувана од волонтерите од Клуб на млади и од програмата за Грижа за стари лица од Црвен крст Охрид, положија свежо цвеќе пред бистата на Анри Динан, основоположникот на движењето на Црвениот крст.

Во рамки на одбележувањето на Светскиот ден на Црвен крст и Црвена полумесечина и Неделата на Црвен крст и Црвена полумесечина (8-15мај) се одржаа неколку активности:

- На 08.05.2023 година беше организиран прием на деца од Детската градинка Јасна Ристеска каде од страна на дисеминаторот Христина Кузмановска беа запознаени со мисијата на Црвениот крст, принципите на движењето и активностите најголемата хуманитарна организација во светот.

-Во рамки на одбележувањето на Неделата на Црвен крст и Црвена полумесечина од 8-15 мај и по повод Меѓународниот ден на семејството, 15 мај, во соработка со волонтерите од програмата за грижа на стари лица „Најди време“ и ООУ „Ванчо Николески“ од с. Лескоец, Охрид, во просториите на Црвен крст Охрид се одржа презентација пред 18 ученици од IV одделение под менторство на две учителки.

На 15.05.2023 година, волонтерите на Црвен крст Охрид во соработка со Општата болница Охрид-Гинеколошко-акушерското одделение, на сите бебиња родени во Неделата на Црвениот крст и Црвената полумесечина 8-15 мај 2023 г., во Гинеколошкото одделение во Општата болница Охрид им додели пригодни и корисни подароци.

Посета во тренинг центар Солферино – во рамки на на Неделата на Црвен крст и Црвена полумесечина, волонтерите од Програмата за грижа за стари лица "Најди време" од Црвен крст Охрид, го посетија Тренинг центарот "Солферино" во Струга. За членовите, посакуваната посета и љубезноста на домаќините, информирањето и презентацијата значеше пријатно изненадување и воодушевеност со показ и желба за дополителна посета и престој.

**Дисеминациски сесии**

- Дисеминација во Клуб на млади - На ден 29.03.2023 година на редовниот состанок на Клубот на млади на Црвен крст Охрид новите кандидати за едукатори Ана Мојсоска и Христијан Дончевски одржаа дисеминација за новите волонтери во клубот. На работилницата 20тина волонтери се запознаа со движењето на Црвен крст, принципите на организацијата, амблемите и нивното значење, како и активностите на младите.
- Дисеминациска сесија со деца од ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - По повод Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина, 8 мај, во просториите на Црвен крст Охрид се одржа презентација и работилница

на којашто присуствуваа 44 дечиња од ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Централна градинка во придружба на директорот на градинката, две воспитувачки и две негувателки. Најмалите имаа можност да се запознаат со Приказна за една идеја, преку раскажување на приказната илустрирана на ѕидот пред просториите на Црвен крст Охрид. Беше направена и прошетка низ просториите на ЦК и запознавање со дел од вработените и волонтерите на Црвен крст Охрид. Исто така, дечињата се запознаа со амблемите на Црвениот крст и Црвената полумесечина и зедоа учество во работилница за изработување на знаменца на Црвен крст Охрид, со помош на волонтерите на Црвен крст Охрид. Посетата на дечињата од градинката помина во пријатна атмосфера. Тие со внимание ја проследија Приказната за една идеја и активно учествуваа со предвидените активности.Се надеваме дека соработката со градинката ќе продожи, така што и идни генерации ќе имаат можност да се запознаат со историјата и принципите на Движењето.

- Дисеминациска сесија со ученици од ОУ „Ванчо Николески“ од с.Лескоец - По повод Меѓународниот ден на семејството, 15 мај, во соработка со волонтерите кои ја организираат програмата за грижа на стари лица „Најди време“ и Основното општинско училиште „Ванчо Николески“ од с.Лескоец, Охрид, во просториите на Црвен крст Охрид се одржа презентација на 18 ученици од IV одделение под менторство на две учителки. Презентирани беа материјали за историјатот на движењето, основните принципи и волонтерство (што претставуваат поимите волонтерство и волонтер) и што значи да се биде волонтер на Црвен крст. Од страна на учениците е покажан особен интерес, прашања, коментари и дискусии, како и заинтересираност за еден ден да постанат волонтери на нашата организација.
- Дисеминациска сесика со ученици-практиканти од СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ - Во рамки на феријалната практика на учениците од здравствена струка, со образовен профил медицинска сестра при СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ во Охрид, се спроведе дисеминација на 33 ученици. Дисеминациската сесија се одржа како вовед на учениците во работењето на Црвениот крст, при што им беа презентирани материјали за: историјатот на движењето, основните принципи, употреба и заштита на амблемот, програмите при Црвен крст Охрид (здравствено-превентивни програми, социјално-хуманитарна дејност, подготвеност и дејствување при катастрофи, дисеминација), како и за волонтерството (што претставува волонтерство, волонтер, волонтер-член и локален план). Им беа дадени и основни насоки за изведувањето на практиката, особено во делот на првата помош. Учениците покажаа особен интерес за укажаната можност да бидат дел од програмата за волонтери на Црвениот крст Охрид.
- Дисеминациска сесија со кандидати – лични асистенти на лица со попреченост - На 29.11.2023 година, во рамки на обуката која што се спроведува за кандидати – лични асистенти на лица со попреченост, се одржа дисеминациска сесија на 5 кандидати. Дисеминациската сесија се одржа како почетна активност, на којашто се презентираше работењето на Црвениот крст и беа презентирани материјали за: историјатот на движењето, основните принципи, употреба и заштита на амблемот, програмите при ЦК Охрид (здравствено-превентивни програми, социјално-хуманитарна дејност, подготвеност и дејствување при катастрофи, дисеминација), како и за дополнителните активности коишто се дел од ОО Црвен крст Охрид. Кандидатите покажаа особен интерес за различните програми и подготвеност да бидат дел од некои од нив. Беше споделено и искуството од досегашната нивна работа.
- Дисеминациска сесија со ученици од ООУ „Ванчо Николески“ - По повод Светскиот ден на волонтеризмот, со учениците од VIII одделение во ООУ „Ванчо Николески“, се одржаа две дисеминациски сесии во рамки на редовниот час по Граѓанско образование.Дисеминациските сесии беа во форма на работилници, со интерактивни вежби и дискусии. Најпрво учениците беа запознаени со Движењето Црвен крст и црвена полумесечина, историјатот на движењето, основните принципи, употреба и заштита на амблемот, работењето на ООЦК Охрид (основните програми, но и програмите плус). Посебен акцент беше ставен на волонтирањето како процес, на придобивките од истото (како за волонтерот, така и за заедницата), карактеристики на волонтерот и можностите за волонтирање во ЦК Охрид. Учениците беа исклучително мотивирани, заинтересирани, вклучени во вежбите и дискусиите и покажаа интерес за волонтирање во ЦК Охрид.
- Дисеминациска сесија за нови волонтери – Во рамки на активностите по повод Светскиот ден на волонтерсвото, со цел регрутација на нови волонтери и проширување на движењето на Црвен крст, на ден 06.12.2023 дисеминаторите Радмила Герасимова и Ана Мојсоска одржаа општа дисеминација за Црвениот крст во просториите на Црвен крст Охрид. Дисеминацијата за Црвен крст е важен дел којшто

мора да го помине секој волонтер, со цел да ги знаеме основите за нашата организација, како да се однесуваме кога сме дел од неа и најбитно од се', кои можности ни ги нуди Црвениот крст и каде се можеме да ја покажеме нашата хуманост. На дисеминацијата беа присутни нови волонтери, како и претставници од младинските заедници на средните училишта во градот Охрид, со цел проширување на нашето движење и регрутирање нови волонтери!

**ЦКА-ПХВ 2023**

Во рамките на Националната програма на Црвен крст на Р.Македонија, Црвен крст во акција-промоција на хумани вредности (ЦКА-ПХВ), која повеќе од 18 години се спроведува во Македонија, младите учат за културата како систем на вредности, за културата на дијалог како основен предуслов за градење на интеркултурно опшество, и при тоа се поттикнати да бидат активни и да изработуваат мали проекти за добробит на заедницата.

Во 2023 година во рамки на ПХВ циклусот на три последователни обуки беа обучени младинци од средните и основните училишта во Охрид каде тие го добија првичното знаење за ПХВ програмата и за движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Дисеминаторот Ана Марија Петковска и помошник дисеминаторот Борче Исакоски ги припремија ПХВ младинците за тоа како да излезат на терен и да изработат свој мал проект. Во рамките на овој ЦКА – ПХВ циклус успешно се завршени пет проекти и 24 обучени ПХВ младинци.

**ЦКА-ПХВ Проект Перфектно различни**

Работата со лица со попреченост отсекогаш претставувала една од најголемите и најблагородните задачи со која што се исполнувале волонтерите на Црвен крст Охрид. Токму затоа, и еден од тимовите на ПХВ младинци за цел си зададе зголемување на степенот на интеграција и вклученост на 23 лица со физичка и ментална попреченост кои се борат секојдневно со стегите на општеството и да го олеснат нивниот живот преку спроведени 2 работилници и 4 активности. Со помош на многу стручни лица од нашата општинска организација и соработка со училиштата и компаниите од нашиот град, успеаа да донесат насмевки на лицата кои ја претставуваа нивната целна група.

„Перфектно различни" беше мотото кое ги водеше низ целиот проект - секоја насмевка е различна, но не помалку вредна, посебно кога нејзината појава е искрена.

Овие младинци го оправдаа нивното мото и ја докажаа нивната цел преку :

- Две работилници со група дечиња од ООУ "Св. Климент Охридски" за интеграција, дисеминација, дружба преку специјално изработени игри и изработка на марами според специјална техника наменета за лица со посебни потреби
- Уредување на сензорната градина во ООУ "Григор Прличев"
- Социјален експеримент за утврдување на достапните и недостапните места за лица со физички инвалидитет
- Парада на различности и црвен тепих
- Изработка на клупа за лица со физички инвалидитет

Според младинците, без разлика на нашите физички или психички карактеристики, секогаш ќе има некој кој ќе го најде совршеното во нас. ПХВ беше една убава фаза од животот на овие младинци, но и сите нас, која не научи како да организираме, не научи на одговорност и дисциплина, на вреднување на вистинските вредности, ни даде можност за дружење, комуникација, зајакнување и стекнување на нови вештини.

Младинци од овој проект: Мила Јовановиќ, Евгенија Илиевска, Арсениј Ѓоршески, Марија Христоска, Анастасија Василевска и Бојана Котеска - ментор.

**ЦКА-ПХВ Проект Насмевки**

Емоциите кои се добиваат во текот на работењето на социјален проект се тешки за објаснување и доловување и би можеле навистина да се почувствуваат само ако се доживеат. Но, преку трудот и добронамерноста на ПХВ младинци кои избраа да работат токму ваков проект, би можеле да се доближиме до тоа чувство.

Целта на овој ПХВ тим беше да ги намалат страдањата и да ги олеснат животите на едно деветчлено семејство кое живееше во екстремни лоши услови. За реконструкцијата на нивниот дом беа потребни финансиски сретства кои беа собрани преку низа хуманитарни акции:

- две хуманитарни свирки со млади таленти од градот Охрид на охридскиот плоштад и покрај охридскиот кеј,
- рачно изработување свеќички кои беа продавани,
- мотивирање на младите артисти да изработат свои дела и нивно продавање на настани, а и на социјалните мрежи на Црвен Крст Охрид,
- хуманитарен фудбалски турнир со основните и средните училишта,

- декорирање чаши кои беа продавани на повеќе настани,
- собирање облека и храна која беше однесена кај семејството.

Средствата беа искористени за:
- санирање и варосување на ѕидовите,
- поставување ламинат на подот,
- овозможување проток на вода во кујната,
- обезбедување нов мебел,
- промена на прозорците,
- фарбање на рамките од вратите.

Покрај тоа, младинците беа огромна поддршка за шесте деца во тоа семејство, давајќи им шанса да се описменат преку организирање неколку работилници.
Децата беа однесени на лекарски прегледи и некои од нивните здравствени проблеми беа ублажени.
Според овој тим, убавината на ПХВ е во тоа што не учи дека многу нешта се возможни доколку се работат со љубов, добра комуникација и внатрешна мотивација.
Младинци од овој проект: Методија Стојаноски, Ламбе Иваноска, Давид Тризагароски, Јана Каралиевска, Ивона Аврамоска и Калина Стојаноска - ментор.

**ЦКА-ПХВ Проект Развигорче**
Веќе е познато дека климатските промени се општествен проблем и нивните последици се распространети низ целиот свет. Отсуството на екологијата минатата година беше поттик за создавање не еден, туку ДВА еколошки проекти како дел од ПХВ-ЦКА 2023 во Охрид. Еден од тие проекти се насочи кон зголемување на еколошка едукација кај најмладите генерации - иднината на нашето општество.
Овој тим, во соработка со децата и стручниот кадар во градинката "Развигорче", организираа еколошко-едукативни работилници. Овие работилници беа издржани на начин кој на нив беше најзабавен, но воедно и најразбирлив.
Останатите активности вбројуваат:
- прошетка до просториите на ООЦК Охрид,
- организирање на еколошка акција,
- средување на дворот на градинката.

Работата со деца не остава никого рамнодушен. Нашите младинци со својата позитива и добро расположение создадоа блискост со дечињата и засекогаш ќе останат во нивните сеќавања како хероите на планетата кои на себе носат црвено-бел амблем!
Младинци од овој проект: Стефанија Настоска, Сара Ристоска, Петар Целакоски и Мартина Анастасијевска - ментор.

**ЦКА-ПХВ Проект Ѕвездички на културата**
Интеркултурниот проект минатата година вклучуваше работа со 23 ученици од осмо и деветто одделение, предводени од пет младинци и еден ментор.
Одржани беа неколку работилници, и тоа:
- работилница за запознавање и дисеминација,
- работилница за градење на тимски дух,
- работилница за спречување на дискриминација,
- три работилници за подготовка на зборник,
- едукативна екскурзија во стариот дел од градот Охрид,
- интеркултурен ручек,
- краен настан - интеркултурна вечер.

Како крајна цел беше составен интеркултурниот зборник “Ѕвездички на културата”, речник на македонски, албански и турски јазик кој ќе биде предложен како дополнителна алатка во наставата! Со добра соработка, вложеност, труд и позитивна енергија, овој ПХВ проект потпомогна во намалување на дискриминацијата помеѓу врсниците и поттикна понатамошна работа на оваа тема!
Младинци на овој проект: Ана Мојсоска, Ангел Крстески, Дарио Транталовски, Ана Илоска, Вероника Неделковска и

Ѕвездан Јончевски - ментор.

**ЦКА-ПХВ Проект Оаза на здравјето**

Сите сме запознаени со проблемот на загаденоста како и потешкотиите за одржување на нашето опкружување здраво, ниската свест и едуцираност на граѓаните.

Желбата да се променат овие проблеми ги поттикна минатогодинешните младинци во програмата ЦКА-ПХВ 2023 да создадат чисто и уредено катче и да ја зголемат свеста на граѓаните делувајќи кај најмладите. Овогодинешниот ПХВ еколошки проект во соработка со ЈЗУ Општа болница Охрид, макотрпно работеше да го преуреди паркот во болницата и да обезбеди удобно место за пациентите, а притоа да се подобри естетскиот изглед. Оваа идеја беше поттикната од спроведена анкета.

Овој тим со својата креативност и желба паркот го преуреди така што:

- ја обоија оградата
- го исчистија паркот
- засадија трева и цвеќиња
- ја израмнаја подлогата
- поставија клупа за инвалиди со помош на друга ПХВ група
- поставија декоративни материјали
- поставија корпи за отпадоци и фонтана

Средствата за да го овозможиме овај парк беа собрани преку најразлични креативни настани како што беа:

- барање на богатство
- продавање рачно изработени торби
- проекција на филм

Младинците оваа година подготвија најразлични работилници и акции, а дел од нив се:

- шиење торби
- еколошка акција
- Спроведување истражување
- акција со факели за одбележување денот на планетата

Овој ПХВ циклус за нашите младинци претставуваше една голема позитивна трага во нивните животи и едно незаборавно искуство исполенто со дружба, меѓусебно помагање и мотивирање.

Младинци од овој проект: Ивона Тасеска, Лука Доленц, Елена Павлеска, Ѓорги Шикалоски, Филип Гугоски, Христина Волканоска и Стефанија Битолкоска - ментор.

**ПХВ настан**

Секоја година во период од 21 до 27 септември се одбележува ПХВ неделата со цел промоција на хумани вредности, толеранција, почит, соживот и ненасилство . Оваа година во чест на ПХВ неделата во организација на Црвен крст Охрид на ден 27.09.2023 во ООУ "Григор Прличев" беше организирана трибина за насилство на која што подетално се зборуваше за булингот, видливото или скриено насилство во училиштата, а беше ставен акцент и на начините на кои што може да се спречи и превенира истото. Трибината ја водеше психологот Анастасија Настеска од ООУ "Григор Прличев", а на истата присуствуваа околу 50 ученици, ПХВ младинци, родители и професори. Исто така на трибината беше направена и промоција на овогодинешните ПХВ проекти пред присутните, а секретарот на Општинска организација Охрид, Мимоза Ставрева им ги додели благодарниците на ПХВ младинците, мини менторите и дисеминаторот, Ана Марија Петковска која ги поздрави младинците со нејзиниот говор. Ги мотивиравме сите млади луѓе од 14 до 17 години да се вклучат во наредниот ПХВ циклус и да направат мала, но значајна промена во нашето општество.

## ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ

**Недела на срцевосадови заболувања**

Во рамките на своите здравствено-превентивни активности, а како дел од одбележување на Неделата на срцево-садови заболувања (21-28 февруари), Црвен крст Охрид организираше низа активности насочени кон превенција на срцевосадовите заболувања. На ден 27.02.2023 година, во просториите на Црвен крст Охрид се организираше

едукативно предавање кое д-р Соња Стурлакова Димовска, го одржа на корисниците и волонтери од Програмата - Грижа за стари лица -“Најди време” и пензионерите од Здружението на пензионери на Охрид и Дебрца. На присутните им беше мерен крвен притисок и тие имаа можност да добијат совети за одржување на нормални вредности на притисокот како и совети во однос на измерената количина на шеќер во крвта по претходно мерење спроведено од двајца волонтери обучени за прва помош од општинска организација Охрид. По одржаното предавање се организираше заедничка прошетка на волонтерите од Клуб на млади и на Клуб на стари лица од Црвен крст Охрид, на охридското крајбрежје. На овој начин, се одбележа Неделата на срцевосадови заболувања и се истакна значењето на превенцијата, водењето здрав живот и намалувањето на смртноста од ваквите заболувања.

**Недела на борба против рак**

Согласно календарот на традиционални активности во здравствено-превентивната дејност, а во рамки на одбележувањето на Неделата на борба против ракот од 1-8 март, под мотото „Знаењето спасува живот“,Црвен крст Охрид организира активности насочени кон подигање на јавната свест кај општата популација за превенција и навремено дијагностицирање на малигните заболувања. Во таа насока, а имајќи ги во предвид податоците за застапеноста и зачестеноста на појавата на рак на грлото на матката кај женската популација, Црвен крст Охрид во соработка со Младински Центар Охрид организираше предавање на тема која е актуелна и чија едукација е неопходна за младите „Рак на грлото на матката-причини, симптоми, тестови, стадиуми, превенција и лечење“, кое се реализираше на 02.03.2023 (четврток) со почеток во 17 ч., во просториите на Младинскиот центар Охрид (Касарна Охрид). Предавачот, Д-р Јасна Митреска, спец.гинеколог.ас упати директна порака до женската популација да се грижат за своето репродуктивно здравје, да посетуваат редовно гинеколог, затоа што во 21 век неприфатливо е да се губат животи од рак на грло на матката кога со превентивни прегледи тоа може да спречи

**Недела на хигиенизација**

Секоја година традиционално Црвен крст Охрид се вклучува во одбележувањето на Неделата на хигиенизација. По тој повод во Клубот на млади на почетокот на редовниот состанок на 12.04.2023 година беше одржана презентација на тема хигиенизација. Истата ја одржа лидерот на Клубот, Борче Исакоски во присуство на 22 волонтери.

**Светски ден и Недела на борба против туберколоза**

-По повод Светскиот ден на борбата против туберколоза во рамките на Клубот на млади од Црвен крст Охрид се одржа една мини презентација на која што се споделија најважните информации за оваа болест. Беше напомената важноста на редовните прегледи со цел да се покрене свесноста за тоа колку е всушност оваа болест сеуште опасна по животот на луѓето.

-Секоја година во периодот од 14 до 21 септември Црвениот крст ја одбележува Неделата на борба против туберкулоза. Со таа цел, на ден 21.09.2023г. беше организирана едукација со др. Кристина С.Алоска под мотото “Да! Можеме да ставиме крај на ТБ” заедно со волонтерите од Клубот на млади при Црвен крст Охрид. Целта на предавањето беше да се споделат основните информации за оваа болест, симптомите, превенцијата и начините на лекување и да се подигне јавната свест за важноста на општото здравје, социјалното и економско влијание на туберколозата како и мерки за ставање крај на глобалната епидемија на оваа болест.

**Недела на борба против дијабетес**

Црвен крст Охрид во периодот од 10-16ти октомври 2023 год. традиционално ја одбележува Неделата на борба против шеќерна болест која има за цел подигнување на свеста на населението, за тоа што претставува дијабетот, колку е застапен во светот и превенција од појава на шеќерна болест преку промовирање на здрави животни навики. По тој повод, на 16.10.2023 др.Соња Стурлакова Димовска одржа едукативно предавање на корисниците и волонтери од Програмата - Грижа за стари лица -“Најди време”, а овогодинешното тема беше ‘‘Здрави животни навики во превенција на дијабетес”, со цел подигање на свеста за превенција и навремено дијагностицирање на дијабетот кај постарата популација. На предавањето присутните покрај што се запознаа со ризиците и факторите кои доведуваат до појавата на болеста можеа да добијат и совети во однос на измерената количина на шеќер во

крвта по претходно мерење од др. Соња заедно со волонтери од Клубот на млади при Црвен крст Охрид. На предавањето беше спроведено и анкетно истражување анкета за дијабетот и животните навики помеѓу учесниците.

**Школа за ментално здравје**

На ден 17.01.2023 во Клубот на млади при Црвен крст Охрид се одржа вториот дел од школата за ментално здравје со нашите врснички едукатори. На истиот 13 волонтери имаа можност да дискутираат и да се запознаат повеќе со неколку теми: Емоции и чувства, Возбуда и анксиозност, Тага и депресија и Грижа за себе и другиот. Со оваа школа врсничките едукатори Бојана Котеска и Бојана Костоска завршија со процесот на нивна обука за едукатори на оваа тема и се стекнаа со уверенија за врснички едукатори за ментално здравје како дел од првата генерација.

**Месец на ментално здравје**

Во текот на месец октомври, Црвен крст Охрид реализираше повеќе активности со коишто се вклучи во одбележувањето на Светскиот ден на менталното здравје, 10 октомври.

-Во рамки на одбележувањето на Светскиот ден на ментално здравје, под мотото „Менталното здравје е универзално човеково право", на ден 10.10.2023 година, во организација на Црвен крст Охрид, се одржа јавна Трибина на тема „Важноста на менталното здравје во заедницата". Целта на трибината беше поттикнување на сите чинители и субјекти во заедницата за активна грижа за личното ментално здравје, превенција на менталните заболувања и намалување на стигматизацијата околу менталните заболувања. На трибината свое излагање имаа: Сашо Точков, Претседател на Црвен крст Охрид, Ана Крстеска, советничка во Советот на Општина Охрид, Ранко Раткушиноски, психолог, вработен во Црвен крст Охрид, Д-р Магдалена Чакар Маркулеска, специјалист психијатар. По широката дискусија од страна на присутните, упатена беше силна порака до сите членови на нашата заедница заедно да работиме на заштита и на унапредувањето на менталното здравје.

-На 21.10.2023, волонтери на Црвен крст Охрид, заедно со тимот за психо-социјална поддршка од нашата организација, движејќи се на кејот на Охридското Езеро и делејќи им овошје на случајните минувачи, упатија порака до своите сограѓани дека физичката активност, престојот во природа и здравата исхрана, покрај тоа што се важни за физичкото здравје, имаат позитивно влијание и врз менталното здравје. Негувањето на овие здрави навики е грижа и за менталното здравје. Местоположбата на Општина Охрид овозможува директен контакт со природата, услови коишто, доколку се користат, имаат придобивки за менталното здравје. Исто така, второто издание на Coffee & Talks, активност на Клубот на млади на Црвен крст Охрид, беше посветено на дискусија за менталното здравје. Со младите дискутираа психолозите Ранко Раткушиноски и Марија Чанова и студентот во шеста година на општа медицина Георги Ставрески. Младите учесници во дискусијата покажаа голем интерес за темата и активно учествуваа во разговорот со свои коментари и прашања. Дискусијата се одржа на отворено, на брегот на Охридското Езеро, со кафе и во прекрасна атмосфера. Овие активности се реализираа во рамките на проектот „И менталното здравје е важно!" којшто Црвен крст Охрид го спроведува со поддршка од Општина Охрид.

Менталното здравје е важно колку и физичкото здравје, така, Црвен крст Охрид ќе продолжи да организира и да реализира активности за едукација за менталното здравје и за поттикнување на грижата за личното ментално здравје.

**Светски ден за борба против ХИВ/СИДА**

По повод одбележување на Светскиот ден за борба против ХИВ/СИДА, Д-р Јованка Струлакова Коровешоска заедно со социјалниот работник од Црвен крст Охрид, Даниела Вељановска, одржаа кратка презентација на податоците за состојбата со инфекции со ХИВ вирусот во целата држава и во охридскиот регион. Потоа, волонтерите од Клубот на млади при Црвен крст Охрид заедно со ученици од средното школо СОСУ „Св. Кирил и Методиј", рачно изработуваа црвени панделки кои се симбол за овој ден. Панделките беа поделени на граѓаните низ Охрид, со цел да се подигне свеста за ХИВ/СИДА и да се пружи поддршка на луѓето кои се борат со истите. Овој ден претставува заедничка борба, а не само на инфицираните лица! Нека заедниците водат!

**Неделата за борба против ХИВ/СИДА**

Светскиот ден за борба против СИДА и Неделата на борба против СИДА (1-7.12.2023 г.), Црвен крст Охрид го одбележа со низа активности во рамките на светската кампања под мотото „LET COMMUNITIES LEAD", „НЕКА

ЗАЕДНИЦИТЕ ВОДАТ" , потенцирајќи го значењето и важноста од заедничкото делување во оваа борба. Д-р Јованка Струлакова Коровешоска на 01.12.2023 г. одржа едукација во училиштето СОСУ "Св. Кирил и Методиј" каде се придаде значење на проширување на знаењата за ХИВ/СИДА, превенција и заштита од истите, како и нагласување на значењето на поддршката кон оние кои се дел од оваа борба. Со цел поткревање на свеста за ХИВ/СИДА, поделивме едукативен материјал, кондоми, и совети за превенција и заштита, а волонтерите од Клубот на млади од Црвен крст Охрид ставаа црвени панделки на граѓаните со цел да се подигне свеста за ХИВ/СИДА и да се пружи поддршка на луѓето кои се борат со истите.
И оваа година активностите во кампањата на Црвен крст Охрид за борба против ХИВ/СИДА се поддржани од Canadians For Children At Health Risk од Канада.

**Светски ден на бубрегот**
На 9 март Црвен крст Охрид во соработка со Центарот за дијализа Нефроплус Охрид го одбележа Светскиот ден на бубрегот со поставен штанд на градскиот плоштад. На истиот случајни минувачи имаа можност да имаат бесплатна проверка на нивниот крвен притисок и нивото на шеќер во крвта од страна на волонтери на општинската организација, како и да се запознаат повеќе со тоа како да го одржат здравјето на овој витален орган.

**Бесплатни гинеколошки прегледи**
Во период од 25 до 31.05.2023 година во с. Белчишта и с. Требеништа беше поставена мобилна амбуланта во која се вршеа бесплатни гинеколошки прегледи за жените од населените места од Општина Дебрца, со цел превенција од рак на грлото на матката. Работата на мобилната амбуланта беше овозможена благодарение на соработката на Црвен крст Охрид со Министерството за здравство, Македонската асоцијација на гинеколози и опстетичари – МАГО, Македонското лекарско друштвои УНФПА – Фондот за население на Обединетите нации. Целта на работата на мобилната амбуланта е зголемување на бројот на жени од ранливите групи и од руралните и оддалечените места кои ќе направат бесплатни гинеколошки прегледи и подигнување на свеста за важноста од редовни скрининзи. Прегледите се најдобра заштита од рак на грлото на матката. Со мобилната амбуланта беа опфатени 43 жени, а контролите ги вршеа гинеколози од Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство и повеќе болници во државата.

**Доделување награди и пофалници на учесници на Конкурсот „Да им ја дадеме на децата земјината топка"**
Во рамки на активностите посветени на 5ти јуни 2023, Светскиот ден на животната средина, волонтерите на Црвен крст Охрид од програмата за грижа за стари лица „Најди време" распишаа конкурс за поетска и за ликовна творба насловен „Да им ја дадеме на децата земјината топка". На овој конкурс со прекрасни творби учествуваа ученици од основните училишта од Општина Охрид. Во просториите на Црвен крст Охрид на ден 05.06.2023г. се одржа свечено доделување на благодарници и пригодни подароци на наградените ученици за литературни и ликовни творби.

**Светски ден на ретки болести**
Стручната служба како и волонтерите од Клубот на млади од Црвен крст Охрид се приклучија кон одбележувањето на Месецот на ретките болести и националната кампања „Ги запознаваме ретките болести" која има за цел да ја подигне јавната свест во општеството и да обезбеди подобри услови за третман и лекување на овие лица. Во склоп на редовниот состанок секој од волонтерите кои присуствуваа обоија по една дланка во знак на 5% од ретките болести кои може да се третираат и лекуваат.

**Кампања за ретки болести**
На иницијатива на волонтерите од Програмата за грижа за стари лица "Најди време" од Црвен крст Охрид на ден 13.02.2023 година, се одржа едукативно предавање од активистот за поткренување на свеста за ретките болести, Гордана Лолеска. Присутните ги проширија нивните знаења за тоа колку случаи на ретки болести постојат во светот, колку дијагнози на ретки болести се откриени и слично. Со кампањата за ретки болести се укажува дека оние кои што имаат ретка болест не се разликуваат по ништо од оние кои немаат, и дека сите се исти и уникатни на некој свој начин. Не треба да се дискриминираат и отфрлаат од нашето општество и дека треба да се направи сѐ што е во наша можност да се почувствуваат прифатени, среќни и радосни во општеството кое ги опкружува. Во склоп на состанокот секој од волонтерите кои присуствуваа обоија по една дланка во знак на 5% од ретките болести кои може да се третираат и лекуваат.

## КРВОДАРИТЕЛСТВО

**Реализација 2023**
Со реализирани 18 крводарителски акции и собрани 1507 крвни единици за 2023 година беа задоволени потребите за крв и крвни продукти на пациентите во здравствените институции во Охрид.

**17март Денот на крводарителството во РСМ**
По повод 17 Март, Денот на крводарителството и Денот на формирањето на Црвениот крст на РСМ, во просториите на Црвен крст Охрид се одржа пригодна свеченост, на која беа доделени јубилејни признанија на најзаслужните крводарители за 5, 10, 25, 50, 75 и 100 дарувања од Општина Охрид и Дебрца. Исто така, признанија им беа доделени и на поединци, фирми и институции кои придонеле за развој и унапредување на крводарителството во Охрид и Дебрца. Претседателот на Црвен крст Охрид, Сашо Точков, истакна дека крводарителството во Македонија е во подем и дека 2022 година може да се оцени како успешна година за крводарителството во Охрид. Според него, радува фактот што бројот на првократни дарители се зголемил за околу 30%. Тој ѝ се заблагодари на сè поголемата армија на хумани луѓе кои несебично продолжуваат да спасуваат животи дарувајќи крв.
Црвен крст Охрид континуирано и посветено работи на промовирање и на унапредување на крводарителството во Охрид и Дебрца. Како резултат на посветеноста на активистите на Општинска организација Охрид и на службите за трансфузиона медицина и благодарение на крводарителите и на сите поединци, фирми, институции кои на било кој начин придонесле кон развој и унапредување на крводарителството, во изминатата 2022 година се реализираа 16 крводарителски акции на коишто се даруваа 1279 крвни единици и, така, се задоволија потребите за крв и крвни продукти на пациентите во здравствените установи во нашиот град. Хуманоста што ја покажаа нашите крводарители преку доброволно дарување крв придонесе да бидат спасени многу човечки животи. Општинска организација Охрид изразува благодарност и почит кон сите крводарители, поединци, фирми, институции кои го помогнале развојот на крводарителството во Охрид и Дебарца.

## ПРВА ПОМОШ

Во текот на 2023 година беа реализирани 13 обуки по прва помош во работни организации на кои беа обучени 82 кандидати, како и 45 обуки по прва помош за кандидати за возачи на моторни возила на кои беа обучени 797 кандидати и 9 обуки по прва помош за кандидати за пловни објекти на кои беа обучени 114 кандидати. Обуките по прва помош за кандидати во работни организации, за кандидати за возачи на моторни возила и кандидати за пловни објекти ги спроведуваат лиценцирани инструктори-тренери и демонстратори по прва помош, според соодветна програма за обука.

**49-ми Општински натпревар по прва помош**
На 49-от општински натпревар по прва помош, кој беше во организација на Црвен крст Охрид, учениците од сите основните и средните училишта од Охрид и Дебарца организирани во 8 екипи подмладок и 4 младина се натпреваруваа во укажување прва помош. Преку 100 млади на 6 пунктови низ градот ги презентирање стекнатите знаења, вештини и техники за укажување прва помош. Најуспешни, во категоријата подмладок беше екипата на ОУ Св.Климент Охридски, второто место го освои екипата на ОУ Дебрца-Требеништа, а трета беше екипата на ОУ Христо Узунов. Во категоријата младина првото место и правото на учество на Државниот натпревар по прва помош, го освои екипата на СОСУ Кирил и Методиј-медицинска паралелка, второто место го освои екипата на ОЕМУЦ Св.Наум Охридски Охрид, а трета беше екипата на ОУТУ Ванчо Питошески Охрид.
За регуларноста на натпреварот и оценувањето на екипите се грижеа 17 судии (лекари, медицински сестри, парамедици на Црвен крст Охрид), а за реалниот приказ на сценаријата и „повредите“ на пунктовите се погрижи тимот за реалистички приказ на повредите, составен од 5 шминкери и 14 актери. 13 водичи, волонтери на Црвен крст Охрид ги водеа екипите по предвидените траектории и пунктови за укажување прва помош. Во овој циклус на подготка на учениците, со активно учество на менторите од секое училиште и волонтерите-тренери и инструктори по

прва помош на Црвен крст Охрид, со најновите знаења, техники и вештини за укажување на прва помош се здобија преку 200 млади.Во едукативниот и забавниот дел од натпреварот младите ги покажаа своите знаења за хуманитарното движење на Црвениот крст. Црвен крст Охрид изразува голема благодарност до сите волонтери, ментори, инструктори, тренери, судии, до основните и средните училишта и до сите кои ја помогнаа.

**29ти Државен натпревар по прва помош**

Тимот на Црвен крст Охрид и оваа година учествуваше на 29-от државен натпревар по прва помош кој се одржа во Велес. Нашиот тим покажа одлични способности за укажување на прва помош, со што, во конкуренција на 30 екипи, го освои 8-то место. Горди сме на храбрите волонтери кои во најдобро светло ја претставија нашата организација!

**Светски ден на Прва помош**

На ден 15.09.2023, под мотото „ПРВА ПОМОШ ДОСТАПНА ЗА СИТЕ! ПРВА ПОМОШ ВО ДИГИТАЛНИОТ СВЕТ", пред Центарот за култура "Григор Прличев", тимот за прва помош од Црвен крст а Охрид , ги сподели своите знаења и техники, за укажување на истата.
Првата помош е од суштинско значење, бидејќи ја обезбедува моменталната нега на лицата кои имаат потреба од истата, и со нејзино укажување да го спасат загрозениот живот.  Нашата екипа смета дека секој треба да ја совлада оваа вештина, бидејќи никогаш не знаеме кога може да имаме потреба од истата.
Во склоп на овој ден, хуманите граѓани, покрај можноста да научат нешто за првата помош, исто така можеа да даруваат крв во Центарот за култура "Григор Прличев"Охрид.

**Најава на кампања по прва помош со симулациска вежба**

На ден 03.11.2023 во средното училиште ОЕМУЦ "Св. Наум Охридски" се одржа симулациска вежба односно симулација на пожар во просториите на училиштето за учениците од прва и трета година. Симулацијата започна со евакуација на учениците од страна на професорите и членовите на младинската заедница од училиштето, по што истите имаа можност да ги проследат процедурите за укажување на прва помош при санирање на три најчести повреди во ваква ситуација. Учесници во вежбата беа тимот за прва помош на Црвен крст Охрид како и тимот за укажување на прва психолошка помош.
Со оваа симулациска вежба ја започнавме Кампањата за укажување на прва помош на Црвен крст Охрид во сите училишта која ќе се спроведува во претстојниот двомесечен период. Учениците од ОЕМУЦ по симулациската вежба проследија предавање на темата укажување прва помош од страна на обучени демонстратори по прва помош.

**Национална кампања по прва помош**

Црвен крст Охрид долгогодишно активно работи на планот на унапредување и развој на дејноста во делот на првата помош сега со посебен придонес во образовните институции каде уште од најмала возраст се обучуваат младите како правилно да укажат помош таму каде што е потребна. Првата помош е непроценлива животна вештина која децата треба да ја надоградуваат во текот на животот .
Од 3 ноември до 25 декември 2023 година Црвен крст Охрид се вклучи во националната кампања на Црвен крст на РСМ и спроведе едукации во сите 13 училишта на територијата на општина Охрид и Дебрца. Спроведени беа обуки од страна на 5 предавачи и 5 демонстратори обучени за  прва помош од Црвен крст Охрид и опфатени беа вкупно 501 ученик на возраст од 12 до 18 години како и 14 наставници сите основни и средни училишта од општините Охрид и  Дебрца. Тематската област на едукациите вклучуваше обука за укажување на прва помош односно срцево-белодробно оживување (реанимација), задушување со страно тело, различни видови крварења, скршеници, изгореници и смрзнатини. Обуките беа проследени со големо внимание и заинтересираност од страна на учениците. Изразуваме голема благодарност за соработката и укажаната доверба до сите основни и средни училишта во Охрид и Дебрца.

**Обука за млади демонстартори по прва помош**

Во склоп на подготовките на општинските натпревари по прва помош во општинските организации на Црвен крст, три волонтерки од Клубот на млади и тимот за прва помош на Црвен крст Охрид учествуваа на обука за млади демонстратори по прва помош.
Обуката беше одржана на регионално ниво во Црвен крст Битола и на истиот младите се запознаа со техниките и начинот како нивното знаење да го пренесат на учениците кои ќе учествуваат на веќе споменатиот натпревар. На обуката учествуваа Матеа Тотеска, Валерија Андриеска и Филипа Мијалкова кои во наредниот период ќе се вклучат во процесот на организација на самиот натпревар и припремањето на групите

**Бројни ангажмани на екипи за прва помош и спасители на вода**

Тимовите за прва помош при Црвен крст Охрид составени од доктори, парамедици, медицински сестри, возачи и други лица обучени за прва помош и оваа сезона беа на висината на задачата. На околу стотина различни настани во текот на оваа туристичка сезона тимот за прва помош при Црвен крст Охрид одговори на над 300 пати при што се укажуваше помош на повредени на спортски натпревари, алкохолизирани лица, лица во бессознание, колабирани лица. Нашите тимови одговорија на повикот на бројни настани меѓу кои: настани од Охридско Лето на антички театар, сите спортски и културни настани во рамките на Фестивалот на спортови на вода, едриличарски, кајакарски регати, веслање со суп даски, сите маратони на Охридско Езеро, пливачки митинзи кои се одржуваа на градскиот базен, Пештани вертикал, Второ издание на Вино фест Охрид 2023,ИПА Вело Викенд “На точак Охрид и Струга да видам“, Таеквондо турнирот Охрид Опен 2023, сите фолклорни "Костоски " фестивали, забави на бродот Армада, бројни концерти на градскиот стадион, два концерти на базенот од Голден, Охрид Ултра траил, Акватлонот во организација на Охрид трчат , полумаратон во организација на Охрид трчат.

**Охрид трчат**

Црвен крст Охрид и оваа година со своите волонтери беше присутен на терен за време на еден од најважните спортски настани за нашиот град - Охрид ТрчаТ. Волонтерите на со своето присуство и ентузијазам помогнаа самиот настан да помине во најдобар ред преку 95 волонтери по патеката како логистичка поддршка, 29 членови на тимот за прва помош на 11 различни локации и 3 прва помош велосипеди.
Голема благодарност до ангажираните волонтери кои ги насочуваа тркачите, ги чекаа на целта, ги наградуваа со медали и пружаа прва помош онаму каде што беше потребно. Честитки до Охрид ТрчаТ за успешниот настан и до сите тркачи кои учествуваа во истиот.

**Охрид Ултра траил**

И овогодинешното издание на Ohrid Ultra-Trail кое се одржа на 26 и 27.05.2023 г., беше голем предизвик за тимовите на Црвен крст Охрид ангажирани да се грижат за здравствената безбедност на учесниците на четирите трки од овој настан. Четири медицински тимови составени од лекари, парамедици и масери и два тимови на спасители од Планинската спасителна служба на Општинска организација Охрид распоредени долж целата патека на планината Галичица и во Охрид, евидентираа 18 успешни интервенции на укажување прва помош и спасување со што покажаа висока професионалност и подготвеност да се справуваат со предизвиците на вакви и слични настани. Тимовите на волонтерите од Клубот на млади ги дочекуваа на целта натпреварувачите упатувајќи ги на пунктот за освежување и пунктот на Општинска организација Охрид за масажа.

**Обука за психо-социјална поддршка при итни и кризни состојби**

Во период од ноември 2022 до февруари 2023, се одржаа циклус обуки за психо-социјална поддршка при итни и кризни состојби, во рамки на проектот КОВИД-19 одговор за подобрување на социо – економската ситуација на маргинализираните лица во 6 држави во Западниот Балкан“, финансиран од Австриската агенција за развој и Австрискиот Црвен крст. На обуката беа присутни волонтери и вработени на Црвениот крст и вкупно 50 учесници се стекнаа со сертификат. Учесниците преку вежбовни активности, играње на улоги во реалистични сценарија и интерактивни предавања се стекнаа со знаења и искуство за пружање на психо-социјална поддршка и прва психолошка помош во кризни и итни состојби. Учесниците обучени за психо-социјален одговор при кризи и се дел од компонентата за справување и дејствување во кризи на Центарот на Ментално Здравје и Психо-социјална поддршка. Како учесници од Црвен крст Охрид беа Даниела Вељановска – социјален работник и Ранко Раткушиноски – психолог.

**Работилница за прва психолошка помош и психосоцијална поддршка**

Во периодот од месец ноември 2022 година до месец февруари 2023 година, во рамки на проектот Конекс Балкан, се формираше национален тим за психо-социјален одговор при кризи и катастрофи кој ќе биде спремен со знаење и ќе делува превентивно во мирновременски услови, а ќе биде активен теренски при вонредни услови на елементарни непогоди, масовни несреќи, катастрофи и др. Учесниците обучени за психо-социјален одговор при кризи се дел од компонентата за справување и дејствување во кризи на Центарот на ментално здравје и психо-социјална поддршка кој беше отворен на 19.10.2022 година. Од Црвен крст Охрид членови на националниот тим за психо-социјален одговор при кризи и катастрофи се Ранко Раткушиноски, психолог и Даниела Вељановска, социјален работник. Во рамките на своите активности како обучени тренери за ППП и ПСП, на ден 21.03.2023 година во СОСУ „Св.Кирил и Методиј" Охрид, тие одржаа работилница на тема Прва психолошка помош, психосоцијална поддршка и менаџирање со стрес. На обуката беа присутни 44 лица меѓу кои и 2 лица од стручната служба од училиштето. Целта на работилницата беше, учесниците, преку вежбовни активности и интерактивни предавања, да се стекнат со знаења за пружање на психо-социјална поддршка и прва психолошка помош во кризни и итни состојби, како и за начини за справување со стресот.Учесниците во работилницата покажаа особен интерес за темата, поставуваа прашања и учествуваа во дискусии, а и изразија интерес да постанат волонтери на нашата организација.

**Тренинг на тема „Психо-социјална поддршка и прва психолошка помош во итни и кризни состојби**

Членовите на националниот тим за психо-социјална поддршка од Црвен крст Охрид учествуваа на тренинг на тема „Психо-социјална поддршка и прва психолошка помош во итни и кризни состојби". Тренингот се одржа од 22 до 24 декември 2023 во Струга, а го организираше Центарот за ментално здравје и психо-социјална поддршка на Црвениот крст на Република Северна Македонија во соработка со Комората на психолози, а со поддршка од Меѓународната Федерација на националните друштва на Црвен крст и Црвената полумесечина. Ваквите обуки придонесуваат кон јакнење на нашата подготвеност за дејствување во итни и кризни ситуации. Психо-социјалната поддршка претставува хуман метод на помагање којшто ги опфаќа и на емоционалните и на практичните потреби и грижи на луѓето погодени од немил настан или криза. Примената на овој метод придонесува кон превенирање и/или редуцирање на страдањата предизвикани од итни и кризни состојби. На тренингот учество зедоа вработени во стручна служба Даниела Вељановска, Ранко Раткушиноски, Катерина Наумоска и волонтер Емине Наџаку.

**Хуманитарен одговор 2023**

На ден 18.10.2023 година во организација на Црвен крст на Република Северна Македонија се одржа вежбата за дејствување во итна ситуација - земјотрес „Хуманитарен одговор 2023". Црвен крст Охрид учествуваше во оваа вежба со тим за спасување на вода и со тим за прва психолошка помош и психо-социјална поддршка. Црвен крст Охрид им честита на сите учесници во „Хуманитарен одговор 2023" за успешната реализација на вежбата.

## СОЦИЈАЛНО-ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ

### НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ ГЛАДТА

Црвен крст Охрид под мотото "Помислете и на нас" и оваа година ја реализираше кампањата по повод Неделата на борба против гладта (16-22 октомври). Во текот на кампањата беа реализирани активности со поддршка на Лајонс клуб Десарети и Лајонс клуб Деница, како и собирни акции на храна во сите основни училишта од Охрид, како и во повеќето поголеми маркети низ градот Охрид, каде хуманите граѓани имаа можност да донираат храна и средства за хигиена за помош на најранливите. Во текот на оваа година евидентирани се околу 900 семејства кои бараат помош и се во социјален ризик. Во текот на Неделата на борба против гладта, Црвен крст Охрид додели хуманитарни пакети на 80 социјално загрозени семејства, а од собраните материјални и финансиски средствата во текот на целата кампања од Неделата на гладта, до крај на месецот се доделени пакети на вкупно 200 семејства кои примаат социјална помош, згрижувачки семејства, бездомници, лица со инвалидитет, деца без родители и стари лица. Се заблагодаруваме на сите вработени во Црвен крст Охрид и волонтерите на Клубот на млади за спроведувањето на акцијата, на хуманите граѓани кои ја направија оваа акција успешна, на училиштата и на маркетите (Миса, Тамаро, Випс, Old town-Варош) кои се вклучија со своја помош во реализацијата на истата.

### НЕДЕЛА НА СОЛИДАРНОСТ

Во пресрет на Велигденските празници и во рамки на одбележување на Неделата на солидарност, а како израз на висока општествена одговорност и хуманост, традиционално и оваа година членовите на ОСМТХ Командерија Св. Наум Охридски - Охрид во соработка со Црвен крст Охрид, на ден 12.04.2023 година доделија хуманитарни пакети со прехранбени производи и средства за хигиена на 30 семејства во социјален ризик од Охрид и Дебрца.
Во рамките на Неделата на солидарност која се одбележуваше од 17-23.04.2023 година, Клубот на млади при Црвен крст Охрид традиционално ги организираше предизвиците на солидарноста .
Натпреварот се состоеше од 6 предизвици преку кои младите учесници имаа можност да ја покажат својата солидарност во нивната заедница и да се истакнат преку нивните хумани гестови. Учествуваа 10 екипи т.е. 30 млади волонтери, а во прилог можете да го погледнете победничкото видео на тимот кој се истакна во својата навременост, ефикасност и организираност.

**Активни тимовите за социјална помош и поддршка**

Пружена социјална помош и поддршка на семејства на опожарени објекти во Охрид, лица кои останаа без објект за домување беа помагани од волонтерите на Црвен крст Охрид преку целата година.

**Достава на прехрамбени производи од Жито леб**

И во текот на 2023 година, мобилните тимови на Црвен крст Охрид продолжија да ја спроведуваат хуманитарната акција на Општинскиот кризен штаб и на „Жито леб“ за достава на продукти од овој познат производител на леб и бели печива до социјално загрозени домаќинства. Оваа активност се реализираше секој работен ден, во утринските часови, а беа опфатени ранливи семејства од повеќе категории кои се дел од евиденцијата на Црвен крст Охрид.

**Хуманитарна акција со телефони**

Во текот на месец јануари 2023 година Црвен крст Охрид заедно со MI&DA Mobile Service Center спроведе акција за донирање на стари телефони кои што не се користат или кои се неупотребливи. Мобилните беа поправени и донирани на граѓани на кои им се најпотребни во секојдневниот живот. Ги мотивираме сите хумани граѓани доколку имаат стар телефон кој не го употребуваат или кој што не можат да го употребуваат да го донираат во просториите на Црвен крст Охрид или MI&DA Mobile Service Center.

**Хуманитарна помош за лица од Украина**

По започнување на бегалската криза во Украина од март 2022 година, во евиденцијата на Црвен крст Охрид се регистрираа вкупно 23 (5 фамилии и поедници) бегалци од Украина. Во 2023 година, во Охрид останаа да живеат 12 лица. Црвен крст Охрид учествуваше во дистрибуција на хуманитарни пакети со прехрамбени и хигиенски производи, а беа доделени и ваучери за облека и обувки и ваучери од Тинекс маркети. Хуманитарната помош беше обезбедена преку проект на Црвен крст на град Скопје.

**Хуманитарна акција Волшебна елка**

На ден 23.12.2023 година звонливите гласови на распеаните дечиња од детскиот хор при Културно-уметничкото друштво ЃЕРДАН ОД БИСЕРИ и дечињата од Распеано рибарче и К2 продукција, со прекрасни изведби на новогодишни и божиќни песни, ја „оживеаја“ Волшебната елка поставена во комплексот КАМ Village. Така започна завршниот настан на традиционалната хуманитарна акција „ВОЛШЕБНА ЕЛКА“ која во организација на Црвен крст Охрид и во партнерство со КАМ Village, се организира секој декември, месецот на дарување. Бројни наши хумани сограѓани, институции, здруженија, поединци, се вклучија во оваа хуманитарна акција, купувајќи соодветни подароци, означени во волшебните лампиони, како исполнување на новогодишните желби на преку 50 дечиња што живеат во социјален ризик од Охрид и Дебрца.И секако креативните и неуморни реализатори на целата хуманитарна акција и овој завршен настан беа волонтерите на Црвен крст Охрид во партнерство со КАМ Village. Изразуваме благодарност до нашиот партнер во оваа акција, до сите основни училишта во Охрид и Дебрца за соработката и благодарност за учеството и поддршката во организирање на оваа акција на сите поединци, институциите, здруженија.

**Хуманитарен марш во чест на Трајан Целески-Тачо**

На ден 05.11.2023 г. се одржа третиот хуманитарен марш во чест на Трајан Целески- Тачо, во чест на неговиот прерано згаснат живот. Околу 20-тина активисти придружувани од волонтерите на Црвен крст Охрид се движеа по патеката Стобекс, н. Видобишта-Црква Св. Никола-Велгошти и назад која е во должина од 10 км во два правци. Водич беше шампионот во планинско трчање Дејан Ангелоски. Охрид го памети Тачо како голем другар, спортист, човек со борбен дух, позитивна енергија и харизма. Борбата за неговиот живот прерасна во симбол на хуманост и сплотеност.

**Хуманитарен настан за Петар**

Охриѓани уште еднаш ја покажаа и докажаа својата хуманост. Во голем број, сплотени во хуманоста на ден 29.11.2023 г., ја исполнија големата сала во Центарот за култура „Григор Прличев“ за да помогнат во лекувањето на 22-годишниот наш сограѓанин Петар. Прекрасни изведби имаа нашите стенд ап комичари Никола Братучед Сиљаноски, Илија Богданоски, Јован Цветкоски и Никола Тодороски, а за богатиот, беспрекорен музички настап се погрижија ВИС „Биљана“, Урбан Планет фт Ана и Камелеон. На овој хуманитарен настан се собраа 65.547 денари кои ќе бидат наменети за потребната хируршка интервенција на младиот Петар, во Турција.На Петар му посакуваме успешно лекување.

**Хуманитарно поетско читање**

Во рамките на социјално - хуманитарниот младински проект "Стопли нечиј дом и срце", волонтерите од Клубот на млади при Црвен крст Охрид и Културолошка иницијатива "5 до 12" организираа поетско читање на 14.12.2023 под познатото мото "Имам нешто да ти кажам". Целта на активноста беше повторно да го рашириме уметничкиот дух на младите Охриѓани во ова предновогодишно издание на "Имам нешто да ти кажам", и со заеднички сили да му се помогне на нашиот сограѓанин Петар Попоски на кој му се потребни финансиски средства за лекување.Петар има 22 години и боледува од ретка болест Tyrosine Hydroxylase deficit. Хируршката интервенција не може да се изведе во Македонија, поради тоа мора да се оперира во Турција и се потребни околу 50 илјади евра. На настанот настапија 11 млади поети кои го претставија нивните оригинални творби, како и творбите од нивните омилени автори пред Охриѓани. За крај, се заблагодаруваме на сите учесници, волонтери, соработници, Shilla - coffee & bar, како и културолошка иницијатива "5 до 12" за поддршката и помошта при организирање на овој настан.

**Предновогодишен базар**

Во рамките на социјално - хуманитарниот младински проект "Стопли нечиј дом и срце", волонтерите од Клубот на млади при Црвен крст Охрид учествуваа на настанот организиран од културолошка иницијатива "5 до 12" - Вино & Винил на 23.12.2023 година. Собраните финансии беа донирани на нашиот сограѓанин Петар Попоски и за акцијата "Пакетчиња за сите дечиња". Петар има 22 години и боледува од ретка болест Tyrosine Hydroxylase deficit. Хируршката интервенција не може да се изведе во Македонија, поради тоа мора да се оперира во Турција и се потребни околу 50 илјади евра. На настанот учествуваше една од групите од Клуб на млади кои се претставија со своите, но и донирани рачно изработени декорации.

**Подводна елка**

На ден 24.12.2023, дел од тимот за прва помош при Црвен крст Охрид, пружија поддршка на настанот за китење на подводната новогодишна елка од страна на Нуркачкиот центар "Амфора" во Музејот на вода. Подводната елка е посветена на лицата со ретки болести во знак на поддршка, посакување добро здравје и поткревање на свеста кај граѓаните.

**Делење новогодишни пакетчиња**

На 28.12.2023 година, со поддршка на невладината организација Темпларски ред, Велик Приорат Македонија и други анонимни донатори беа обезбедени 100 новогодишни пакетчиња за децата од семејства во социјален ризик.

Пакетчињата беа поделени од волонтери на Клуб на млади и вработенитево Црвен крст Охрид. Тимот на Црвен крст Охрид Ви ги честита новогодишните и божиќните празници.

**Кока-Кола Новогодишен караван**

На 25 и 26 декември Црвен крст Охрид имаше можност да учествува и да ги претстави своите програми и активности на патувачкиот новогодишен караван на Кока Кола.

Во една претпразнична атмосфера и еуфорија граѓаните на нашиот град можеа да проследат различни забавни точки, меѓу кои и да го посетат штандот на Црвен крст Охрид на кој во текот на двата дена постојано се одвиваше некоја интересна и информативна активност .

На штандот на Црвен крст Охрид се претставија :

- Клубот на млади,
- Клубот за грижа на стари лица "Најди време",
- Нега - центарот,
- Единицата за спасување на вода,
- Планинската спасителна служба,
- Едукативната програма "Полетарче",
- Едукативната програма "Brainobrain",
- Екипите за прва помош .

Се заблагодаруваме на сите вклучени за поддршката и за овозможената прилика да го прошириме хуманиот дух меѓу граѓаните пред празниците

**ГРИЖА ЗА СТАРИ ЛИЦА**

Програмата на грижа за стари лица „Најди време" на Црвен крст Охрид ја спроведуваат 15 возрасни волонтери на Црвен крст Охрид кои со подршка на стручната служба опслужуваат повеќе од 50 стари лица (свои врсници) во Охрид и Дебарца со обезбедување на најразлична помош. Групата волонтери за поддршка на старите лица со своето искуство од различни области на живеењето, своите вештини и креативност беа вклучени во голем број хуманитарни настани кои ги реализира Црвен крст Охрид.

Активностите на програмската група на волонтери стари лица и поддржувачи успешно се реализираа во три полиња: редовна планска комуникативна стандардна практика со основна фокус група на стари осамени лица и лица со социјален ризик; креативен опус на оперативниот тим; интерактивни и креативни активности на оперативната и групата корисници.

- При редовни комуникации со евидентирани корисници во 37 понеделници од 10 до 12 часот остварени се 607 активни комуникации од страна на 7 обучени волонтери. Бројката на корисниците е варијабилна - од 50 до 65 со оглед на старосната структура од 65 до 95 години. Реализирани се поединечно и групно околу 40 домашни посети (празници и по потреба во рамки на планот) со директно внимание и разговори и соодветни поклони и или пакети помош на оние на кои им е потребна. Дел од корисниците по претходна организирана покана биле дел од посети во музеи, библиотека, училишта, забавен и креативен простор и време со групата и во рамки на настани и активности на Црвен крст Охрид. Групата и корисниците беа дел од проектни активности (2 проекта) на ПХВ програмата.
- Оперативниот тим или обучени волонтери за реализација на програмата со редовно присуство на дел на корисници и други заинтересирани стари лица и лица од друга популација успешно ги остварува програмските цели и активности, или:

- редовна комуникација и прибирање на потребите на кориснице, евидентирање, ажурирање и кореспондирање со менаџментот на Црвен крст Охрид за соодветен одговор и мерка на помош;
- интерактивни креативни работилници (17) за забава и едукација;
- предавања и едукации на различни здравствени, дисеминациски и хуманитарни теми (15);
- проектна вклученост (ПХВ 2; НУ Библиотека Охрид 1; еко проектна вклученост 3, од кои две еколошки акции за собирање на отпад - со Скопска пивара и Костал; организирани посети на основни училишта 4 со

программска содржина поврзана со имиџот на Црвениот крст и културата и образованието како систем на вредности;
- идеа и организација на конкурси за литературни и ликовни творби 2 со тема од хуманитарните аспекти на глобално ниво за старите лица и воопшто за хуманоста и за настани и личности поврзани со нашата и регионална и светска култура и уметност;
- активно присуство на проект на ОБСЕ на работилница со тема „Улогата на жените за рано препознавање на криминалот и создавање на побезбедна заедница“ во Охрид ;
- изработка на предлог проект со наслов „На врата – книга во рака“ во партнерство со библиотека Охрид, со цел за вклучување и олеснување на старите лица зачитање за читање на книги;
- организирано одбележување на меѓународниот ден за стари лица со тематска реализација на насоки од ООН и нашето НД на едукативна работилница со тема „Исполнување на одредбите на Универзалната декларација за човековите права на старите лица“;
- организирано одбележување на деновите за грижа за стари лица со тематски патоказ „Сите сме нивни деца“, при што се иницира пред јавниот медиум неопходната потреба од Дом за стари лица и Дневен центар за стари лица за Охрид и регионот;
- иницијатива за вклучување на водоснабдителен систем на Дмитар Свилар, човек хуманист со наголем број пати дадена и дарувана крв, во социјален ризик и наш корисник и поддржател на програмата;
- проектна вклученост и партиципација за лица со потреби и во социјален ризик во „Св.Ѓорѓи“ во Охрид;
- дружења и поучни посети и комуникации (ЛС, музеј и природниот воден опој „Вевчански извори“; други настани и активности.

• Предавања, презентации и едукации од членови на програмскиот тим
- дисеминациски сесии 4;
- ликовна уметност 2;
- здравствена самопомош и хигиенизација 2;
- предавач на курсот во Црвен крст Охрид за персонални асистенти 17 и во тековен ист курс;
- присуство и активна улога на проектни и едукативни работилници организирани од Црвен крст Охрид со други партнери;
- учество и активност во други НВО;
- прием и активна комуникација со членови и партиципиенти на други организации на ЦК (ЦКГ Скопје), партнери на ЦК Охрид, Американскиот мировен корпуст, други.

Други реализирани предавања/екскурзии:
-Посета за Божиќ 10.01, опфатени 20 лица
-Предавање за ретки болести 13.02, опфатени 14 лица
-Предавање за Недела на срцевосадови заболувања 27.02.2023, опфатени 15 лица
-Посета за 8ми март-опфатени 20 лица
-Посета за Велигден, опфатени 20 лица
-Посета во Тренинг центар Солферино во рамки на Неделата на Црвен крст и Црвена полумесечина
-Одржано предавање за менталното здравје од страна на психијатар со две групи учесници од постарата популација на 21 и 22.06, опфатени 37 лица
-Предавање за Недела на дијабет и акција за мерење шеќер на 16.10.2023, опфатени 15 лица
-Присуство на Кока Кола Новогодишен караван на 25 и 26.12.2023

**Меѓународен ден на стари лица**
Црвен крст Охрид и оваа година се вклучи во одбележувањето на 1 Октомври, Меѓународниот ден на старите лица, воспоставен од страна на Обединетите нации во 1990 година за да се охрабруваат земјите во светот да привлечат внимание и да ги оспорат негативните стереотипи и заблуди за постарите лица и стареењето и да им овозможат на постарите лица да го реализираат својот потенцијал. Годинава, темата на одбележувањето на 1 Октомври беше „Исполнување на ветувањата од Универзалната декларација за човекови права за постарите лица: Низ генерации“.

По тој повод на ден 02.10.2023 во просториите на Црвен крст Охрид, се одржа интерактивна работилница и презентација на основната тема на годинешното одбележување на 1 Октомври пред 20тина волонтери од програмата за грижа за стари лица „Најди време“. Оваа работилница, покрај со проширување на знаењата за правата на постарите лица, резултираше и со одредени размислувања и предлози поврзани со состојбата, околностите и грижата за старите лица во нашето општество и локалните заедници. Работилницата ја водеше долгогодишниот волонтер и дисеминатор за меѓународно хуманитарно право Љупчо Милкоски.

**Недела на грижа за стари лица**

Во рамки на одбележување на “Неделата на грижа на стари лица” (20-26 ноември), под мотото “Сите сме нивни деца” Црвен крст Охрид организираше повеќе активности.

- На ден 20.11.2022, во просториите на Здружението на пензионери на Охрид и Дебрца, се одржа информативна работилница за правата од социјална и здравствена заштита, којашто ја проследија повеќе постари граѓани. Оваа работилница ја одржаа ја одржаа д-р Јованка Стурлакова Коровешоска од Центарот за јавно здравје и Мира Врангалоска – социјален работник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа. Во рамки на предавањето присутните се запознаа и со ризиците и факторите кои доведуваат до појава на дијабет, и на истите им беше овозможено бесплатно мерење на шеќер во крвта од страна на д-р Јованка заедно со волонтери од Црвен крст Охрид.
- На ден 21.11.2023г., во просториите на Црвен крст Охрид се одржа промотивен настан – Отворен ден за Програмата за грижа за стари лица. Во текот на овој настан, од страна на волонтерите од Програмата за грижа за стари лица на Црвен крст Охрид "Најди време", беа презентирани активностите и чекорите коишто ги презема нашата организација за квалитетно и достоинствено стареење на старите лица во регионот во кој дејствуваме. Покрај презентацијата на активностите на Општинска организација Охрид за грижа за стари лица, цел на организирањето на овој настан беше и поттикнување на јавниот и институционален интерес и дефинирање на конкретни ангажмани насочени кон подобрување на условите за живот и за дејствување на старите лица.
- На ден 22.11.2023г., волонтерите од Програмата за грижа за стари лица “Најди време” од Црвен крст Охрид беа дел од засадување на повеќе видови на дрва долж едукативната патека “Галичица на дланка” кои се карактеристични за Националниот парк Галичица. Исто така, присуствуваа и на првата работилница на WISESTRIDE тимот и Национален парк Галичица.

**Празнична посета на корисници на програмата „Најди време“**

По повод новогодишните и божикните празници, волонтери на Црвен крст Охрид коишто учествуваат во организирањето и во спроведувањето на програмата за грижа за стари лица „Најди време“, на ден 10.01.2023 година ги посетија корисниците на оваа програма. Покрај тоа што им ги честитаа празниците и им посакаа здравје и среќа, волонтерите ги израдуваа посетените корисници на програмата „Најди време“ со пригодни подароци

**Меѓународен ден на жената**

Црвен крст Охрид свечено го одбележа Меѓународниот ден на жената, 8ми Март, со делење на пригодни подароци, меѓу кои и рачно изработени честитки од страна на волонтерите од Клубот на млади, кои исто така имаа активно учество во настанот и го разубавија овој чин. Подароците беа поделени на волонтерите од Клубот на стари лица “Најди време” при Црвен крст Охрид, но и на повеќето жени кои беа затекнати како минувачи. Насмевката која ја измамивме на нивните лица нека биде дел од нивното секојдневие, нека бидат неизмерно среќни, задоволни и сакани.

**Посета за Велигден**

Традиционално како и секоја година, по повод христијанскиот празник Велигден волонтерите од програмата Грижа за стари лица “Најди време” од Црвен крст Охрид на 18.04.2023 година ги посетија своите корисници и корисниците на услуги од Здружението Добротољубие 2014. Волонтерите на сите корисници им го честитаа празникот со велигденско јајце и пригодни подароци.

**Велиденски базар**

Традиционално и оваа година Црвен крст Охрид учествуваше со свој штанд на Велигденскиот базар во организација на Општина Охрид и ЈП Градски пазар. На истиот волонтерите од програмата за грижа на стари лица "Најди време" и една од групите вклучени во ЦКА - ПХВ циклусот продаваа рачно изработени честитки, украси, чаши украсени од дел од младинците, храна и велигденски јајциња. Дел од средствата беа наменети за потребите на групите кои се вклучени во овогодинешниот ПХВ циклус

**Промоција на книга „Приче из нашег млина“ од Бранка Дувњак и Славица Галиќ**

На 8 април 2023 година, во големата сала на Општина Охрид, се одржа промоција на книгата „Приче из нашег млина“ од авторките Бранка Дувњак и Славица Галиќ. Овој настан беше организиран од Црвен крст Охрид, во соработка со Културно-информативниот центар на Северна Македонија во Загреб, Хрватска и Општина Охрид.

„Приче из нашег млина“ е книга за школата за медицински сестри Млинарска во Загреб, прва во земјата во тоа време, за годините на нивното образование, за професионалната пракса на загрепските клиники, за медицинските сестри воопшто. Според програмата на оваа школа, во 1921 година биле отворени медицински школи и во други центри во земјата, меѓу кои и школа за медицински сестри во Скопје. Книгата содржи 34 приказни, кои прават една целина, а го опишуваат времето на школување во училиштето на Млинарска 34 (па затоа и 34 приказни) во периодот од 1972 до 1976 година. Тука се испреплетени приказните од дружбите во училиште, годишнините од матурата, како и некои од размислувања на тогашните генерации за сестринството и здравството воопшто.„Приче из нашег млина“ сведочи за една младост од 70-те години на 20-от век, за нејзините соништа и стремежи. Оваа книга е доказ дека некогаш и мал спомен може да поттикне многу сеќавања. Меѓу сеќавањате во книгата се вткаени прекрасните впечатоци од матурската екскурзија во Охрид во 1975 година, како и посетата на други градови во Македонија, а како додаток, во содржината е опишана и репризата на матурската екскурзија, повторното патување во Охрид, во 2016 година по повод 40-годишнината од матурата и матурската екскурзија.

Книгата „Приче из нашег млина“ е во издание на реномираната издавачка куќа „Медицинска наклада“ од Загреб, Хрватска.

**Тренинг за готовински и ваучер трансфер систем**

Во организација на Кластер Делегацијата на Меѓународната федерација на Црвен крст за Централна и Југо-источна Европа и Црвен крст на Република Северна Македонија во периодот од 23 до 27 јануари 2023 година во тренинг центарот Солферино во Струга се одржа тренинг за готовински и ваучер трансфер систем, второ ниво. На тренингот учество од Црвен крст Охрид зеде секретарот Мимоза Ставрева, покрај другите учесници од Црвен крст на град Скопје, Црвен крст Струмица, Црвен крст Битола, како и претставници од националните друштва на Црвен крст Босна и Херцеговина, Црвен крст Црна гора, Црвен крст Романија и Црвен крст Литванија.

Предавачи на тренингот беа Arturo Garcia Fernandez - водечки фасилитатор од Меѓународната федерација од Женева, Bilal Hussain Shan од Кластер делегацијата, Christopher Jahn од Црвен крст Австрија, Azra Bricic од Црвен крст Босна и Херцеговина, Marcin Podlesny (CVA Preparedness) и Lina Garcia (Protection, Gender and Inclusion) од Регионалната канцеларија на Меѓународна федерација од Будимпешта.

**Обука на фасилитатори за спроведување на Проценка на организациски капацитети во општинските организации**

Во периодот 21-26.06.2023 година, во хотел Солферино Струга, се одржа обука на фасилитатори за спроведување на Проценка на организациски капацитети во општинските организации на која учествуваа 9 избрани претставници на Црвен крст на РСМ, меѓу кои и секретарот на Црвен крст Охрид, Мимоза Ставрева. Проценка на организациски капацитети во општинските организации (ПОКОО) – Branch organizational capacities assessment (BOCA) претставува инструмент развиен од Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина, кој има за цел преку структуриран начин да овозможи самопроцена на општинската организација за 34 организациски области во работењето, да се препознае нивото на кое се наоѓа во контекст на овие области, да утврди приоритети за развој за наредната година и подготви план за развој на општинската организација. На работилницата посебна поддршка дадоа канцеларијата на МФЦК во Будимпешта и канцеларијата на МФЦК за кластерот во југоисточна Европа во Сараево. По тридневна обука на 24 и 25.06.2023 година се спроведе проценка во ООЦК Битола, Прилеп и Струга преку активно учество на локални тимови од по 10 члена во секоја ООЦК составени од волонтери, членови и

вработени лица. На 26.06.2023 година ПОКОО фасилитаторите спроведоа евалуација на теренското искуство и договорија следни чекори за имплементација на целиот ПОКОО инструмент

**ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**

Трговија со луѓе или Модерно ропство е сериозен општествен проблем и е најтешка форма на кршење на основните човекови права - правото на живот, на слободно движење, на слобода на избор и други права и слободи. Овој тежок криминал е застапен и во нашата држава. Црвениот Крст оддржува превентивни активности кои имаат за цел подигање на свеста на младите, препознавање на начините преку кои можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита.

**Светски ден за борба против трговија со луѓе**

По повод одбележување на Светскиот ден за борба против трговија со луѓе на 18.10.2023 на редовниот состанок на Клуб на млади при Црвен крст Охрид беше одржана врсничка едукација со цел поткревање на свеста и начини за превенција на младите од модерното ропство. На истата волонтерите имаа можност подетално да се запознаат со: на трговија со луѓе, Начините за излез од ланецот, како и начините за превенција, Последиците со кои се соочува жртвата на трговија со луѓе. Едукатори на врничката едукација беа Калина Стојаноска и Радмила Герасимова.

**Недела на борба против Трговија со луѓе**

По повод Недела на борба против Трговија со луѓе, која се одбележува од 2-9 декември, на 12.12.2023 година врсничките едукатори од Црвен крст Охрид Радмила Герасимова и Калина Стојаноска одржаа врсничка едукација со учениците од ОЕМУЦ "Св. Наум Охридски". Целта беше да се поткрене свеста кај младите и да бидат едуцирани на оваа тема. На едукацијата младите беа запознаени со што е тоа трговија со луѓе, кои се опасностите и видовите, колкава е сериозноста и како да се заштитат себеси и своите блиски.

## ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ

**Обуки за спасители на вода организирани во 2023**

Центарот за безбедност на вода, во соработка со одделот за дејствување при катасторфи на ЦКРСМ организираше обука за спасители на отворени води во период од 23.06.2023 - 30.06.2023 година на Охридското езеро каде беа обучени 4 спасители на вода. Обуките се реализираа под водство на инструкторот за безбедност на вода Дејан Јонузоски и демонстратор Коста Јованоски.

**Ангажмани 2023**

Центарот за безбедност на вода Охрид во 2023 година, односно во текот на летната туристичка сезона имаше ангажирано 14 спасители на вода/помлади спасители на вода, кои се грижеа за безбедноста на посетителите на 8 капалишта на Охридското езеро и 4 базени. За време на двомесечниот ангажман спасителите на вода имале вкупно 800 интервенции и тоа 14 пати интервенирале на извлекување на активни давеници, околу 750 помали интервенции на укажување прва помош, 2 потраги по изгубени деца.

Спасителите на отворени води во текот на летната сезона учествуваа и на настаните: Трка со СУП даски, 5 и 10 км. Пливачки Маратони, Охридски Пливачки Маратон 25 км, Акватлон, забавно-рекреативни содржини во вода бродот Армада, забави на базен Голден.

Спасителите на вода на Црвен крст Охрид беа ангажирани и на други бројни спортски, културно-забавни и верски манифестации во текот на годината: Водици, Охрид трчат, Охрид траил, настанот "Heineken Destination Good Times" по повод 150-годишнината на "Heineken", музички настани во охридските ноќни клубови и др.

**ПЛАНИНСКА СПАСИТЕЛНА СЛУЖБА**

Согласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од обласната на заштита и спасување за 2023 година, врз основа на потребите на граѓаните и на општина Охрид е ангажирана Планинската спасителна служба на Црвен крст Охрид како специјализирана единица за планинско спасување и заштита и спасување на вода во рамки на Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид.

Во текот 2023 година, Оперативниот центар на Планинската Спасителна Служба при Црвен крст Охрид прими 56 повици и интервенираше во 40 наврати. Службата беше најактивна во текот на зимскиот период, кога оперативниот центар на ПСС доби 37 повици за асистенција на заглавени возила на патниот правец Отешево-Охрид, поточно делницата Дервен-Царина, а интервенираше во дури 22 случаи.

Во периодот 01.01.2023–31.12.2023 година Планинската спасителна служба на Црвен крст Охрид ги реализираше следните позначајни активности :
- Три дневна акција за пребарување и спасување на 78 годишен сограѓанин во координација со СВР Охрид. За жал, на 21.01.2023 година, лицето беше пронајдено починато по пад во провалија длабока 30-ина метри, во близина на селото Расино. Тимот на ПСС асистираше на надлежните институции за безбедно изведување на увидната постапка и по завршување на истата, изврши извлекување на телото од провалијата.
- во периодот од 25.01 до 31.03.2023 година, реализирани се 22 интервенции од вкупно 37 повици за евакуација на лица кои со своите возила заглавувале во снежните наноси на планинскиот превој на Галичица. Дел од овие итервенции, во кооординација со ПСС ги изведуваа ренџерската служба на НП Галичица, ТППЕ Охрид и ТППЕ Ресен. Ова е еден сериозен проблем кој се повторува веќе неколку години и повлекува голема енергија и ангажман на ресурси, поради несовесноста на одредени граѓани, кои и покрај забраната за користење на овој премин, во периодот од 15 ноември до 31 март, сепак се обидуваат со возила да го поминат превојот и најчесто заглавуваат во високите снежни наноси.
- Покрај оперативните теренски активности, во овој период беа спроведени бројни подготвителни активности во однос на претстојната летна туристичка сезона, редовни тренинзи и курсеви за освежување на знаењата на припадниците на ПСС, направени беа редовни и вонредни сервисирања на возилата, а беше комплетирана и постапката за вклучување во мрежа на поставената фотонапонска електрична централа на зградата од ПСС.
-Реализирана е основна обука (теоретски и практичен дел) на Штабот за заштита и спасување и Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид:
-На 22.05.2023 година се оддржа теоретски дел во голема сала во општина Охрид од 10.30-15.30 часот, кој ги опфаќаше следните теми: систем на заштита и спасување на РМ, организација и планирање на Штабот за заштита и спасување, евакуација, извлекување од урнатини, прва помош, практични примери. Штабот за заштита и спасување на општина Охрид реализираше сценарио-пробна вежба за справување со пожар во село во Охрид и ја објасни целата постапка на организација и делување на Штабот за заштита и спасување до ангажирање на Дирекцијата за заштита и спасување.
-На 23.05.2023 година од 10.00 часот во кругот на Касарна Охрид се оддржа практичен дел со показна вежба за гасење на пожар на отворен простор (шумски пожар) и ракување со ПП апарати и воведен дел за пожари.
Како дел од Просторните сили за заштита и спасување на горенаведената обука присуствува членови на: Штабот за заштита и спасување, Универзалната единица во јачина на вод, Специјализираната единица за противпожарна заштита, Специјализираната единица за прва медицинска помош, Специјализираната единица за планинско спасување и спасување на вода.
-Во текот на месец јули Планинската Спасителна Служба при Црвен крст Охрид ја продолжи соработката со Армискиот ВИНГ која беше воспоставена во 2021 година. На 5ти јули заеднички беше организиран Отворен ден во кругот на Центарот за обука на вода во каналот Студенчишта, на кој пред јавноста и децата од предучилишна возраст беа презентирани дел од воздухопловите, армиската опрема и опремата за спасување на планина и тешко пристапни терени. Отворениот ден се организираше со цел промоција на хуманата мисија на армијата и успешната цивилно-воена соработка, која армискиот ВИНГ и Планинската Спасителна Служба при Општинска организација Охрид успешно ја развиваат во изминатите две години, во интерес на ефикасноста и квалитетот на спасителните операции на планина и тешко пристапни терени.
-На 6ти јули беше организирана заедничка обука на која беа увежбувани техники на спасување од хеликоптер. На обуката беше користена специјализираната опрема за имобилизација на политрауматизирани лица, како и опремата за спасување од хеликоптер (мултифункциско носило и систем за анти-ротација) кои се набавени во рамки на проектите финансирани од Европската Унија, преку ИПА програмата за прекугранична соработка со Албанија.
- На 07.07.2023, во 17.30 од домарите во планинската куќа “Спиридон” на Галичица беа информирани дека човек од Албанија пријавил дека негов пријател, со кој се разделиле околу 10.00 сеуште го нема. Бидејќи истиот не сакаше да го пријави за исчезнат, еден тим на Службата остана на готовс. Околу 19.50 стигна известување дека човекот е најден на регионалниот пат за Ресен.

- На 09.07.2023 Планинската Спасителна Служба со еден тим, стациониран во планинската куќа “Спиридон” на Галичица, го обезбедуваше велосипедскиот настан "Тур де Галичица".
- На 18.07.2023 ПСС прими повик за асистенција при извлекување на возило на австриски државјани кај Суво Поле на планината Галичица. Успешно интервенираше еден тим составен од двајца членови.
- На 23.07.2023, во 16.20 часот ПСС прими повик за повреден американски државјанин на Галичица. Интервенираше тим со двајца членови, а по пристапувањето до местото, на повредениот му беше имобилизиран зглобот и безбедно беше спуштен до планинарскиот дом Спиридон.
- На 02.08.2023, во 15.15 часот ПСС прими повик за повреден параглајдерист на Галичица, под врвот Лако Сигној. Интервенираше тим од пет члена. Во меѓувреме беше обезбеден хеликоптер на Министрството за Внатрешни работи кој по имобилизацијата од страна на тимот за спасување, повредениот го пренесе на скопските клиники.
- На 20.08.2023 Центарот на Планинската Спасителна Служба беше домаќин на Министерот за Локална Самоуправа, г-син Ристо Пенов. На средбата беа презентирани капацитетите со кои располага Службата и нејзините активности. Воедно, се разговараше и за состојбите со планинското спасување во државата и потребата од системско решение во оваа сфера.
- На 05.09.2023, инструкторите на Планинската Спасителна Служба одржаа обука за припадниците на Противпожарната единица од Охрид. Обуката се одржа во тренинг центарот на ПСС. На истиот беа презентирани техники за користење на техничка опрема за лична безбедност во непристапен терен, односно вертикала. Воедно беа обновени знаењата за основните техники за користење лична опрема во нетехнички, пристапен терен.
- На 05.08.2023 ПСС прими повик од полиција за сообраќајна несреќа на патниот правец Охрид-Ресен. Еден од членовите на ПСС кој се најде во непосредна близина пристапи до местото, при што беше заклучено дека нема потреба од дополнителна интервенција, бидејќи возачот беше неповреден.
- На 23.09.2023 ПСС прими повик од Брза помош за починато лице кое сечело дрва кј Прентов Мост. Заради стрмниот терен беше побарана интервенција од наша страна. Интервениравме со четиричлена екипа. По пристигнувањето, Брзата помош констатираше смрт, беа направени фотографии од Крим-техника, по што починатиот беше спуштен, транспортиран и предаден на надлежните служби.
- Покрај интервенциите во кои се загрозени човечки животи, ПСС во овој период, во два одвоени наврати, асистираше и при транспорт на инвалидизирано лице и спасување на заглавена мачка на дрво.
- На 12.10.2023, од Планинската Спасителна Служба беше побарана асистенција при транспорт на стара жена. Се интервенираше со четиричлена екипа .
- На 24.10.2023, во 15.00 часот, Службата доби повик за транспорт на починато лице над с. Брежани. Интервениравме со осум лица и две возила. По констатирањето смрт од страна на Брза помош и увидот на Крим техника, починатиот го транспортиравме до с. Брежани и го предадовме на надлежните служби.
- На 27.10.2023, добивме повик за изгубени велосипедисти над месноста Летница на Галичица. Беше интервенирано со една екипа и едно возило. По пронаоѓањето велосипедистите беа транспортирани до Охрид.
- На 30.12.2023, добивме повик за заглавени лица на превојот Баба на Галичица. Интервенираше член на Службата кој лицата ги пресретнал и транспортирал до албанската граница.
- На 31.12.2023, повторно добивме повик за извлекување на заглавено возило на превојот Баба. Интревенираше еден тим со едно возило на ПСС.
- Во текот на овој период беа одржани две обуки за членовите на Планинската Спасителна Служба. Во текот на викендот, 18 и 19.11.2023, на Галичица, инструкторите на ПСС презентираа предавања од областа на Прва помош и алпинистички техники на терен. Во текот на викендот, 16 и 17.12.2023, во Тренинг центарот на ПСС се одржа втората обука. Во текот на првиот ден се презентираа методи на пружање Прва помош во различни ситуации, кои потоа беа дискутирани со медицинско лице кое беше ангажирано за обуката. Попладнето, инструктор на ПСС одржа предавање на тема "ориентација и навигација во планина". Во текот на следниот ден, обуката се одржа на терен, над с. Велестово, каде беа увежбувани методите на ориентација на карта и примена на ГПС.
- Во периодот јануари-декември беа спроведени редовни тренинзи за припадниците на ПСС и беа извршени редовни и вонредни сервисирања на возилата.

**Симулациска показна вежба на повредени од експлозија на петарди**

Соработката на СВР Охрид-Одделението за превенција и Црвен крст Охрид продолжи со спроведување акции за зголемување на свесноста кај населението за последиците од користењето на петарди и други пиротехнички

средства. Во пресрет на новогодишните празници, волонтерите од Црвен крст Охрид во соработка со СВР Охрид спроведоја акција за зголемување на свесноста кај населението за последиците од користењето на петарди и други пиротехнички средства. Волонтери од тимот за прва помош и тимот на шминкери за реално прикажување на повреди имаа можност да ги покажат своите знаења преку изведување на симулација на ампутирани прсти и изгореници како резултат од користењето на петарди заедно со волонтерите од Клубот на млади. Показната вежба во склоп со предавањето на СВР Охрид за штетните ефекти на овие предмети се одржа на ден 24.12.2023 во центарот на градот Охрид.

**Топлотен бран**

Во летниот период со жешки температури, важно е нашите граѓани да се информирани за тоа како да се заштитат од топлотниот бран. За таа цел младите волонтери од Клуб на Млади од Црвен крст Охрид делеа едукативни флаери со совети за превенција од топлотен бран и шише ладна вода. Вниманието најмногу го насочија кон повозрасните лица и хронично болните кои се во поголем ризик во ова топло време на кои, покрај тоа што им беа дадени препораки за заштита од топлото време, им беше и измерен крвниот притисок.

Исто така, дистрибуирани беа и материјали со препораки за заштита од топлото време коишто се наменети за матичните лекари.

Во дистрибуцијата на едукативните материјали за заштита од топлотен бран се вклучија и нашите спасители на вода кои им делеа такви материјали на посетителите на охридските базени и плажи. Исто така, во соработка со полициски службеници од езерската полиција, материјали со совети за заштита од топлото време им беа поделени на граѓани во пловни објекти.

**Активно учество во Штабот за заштита и спасување при Општина Охрид и РЦУК Охрид**

Во 2023 година, Црвен крст Охрид зеде активно учество во работата на Штабот за заштита и спасување при Општина Охрид и во Регионалниот Центар за управување со кризи РЦУК Охрид.

## МЛАДИТЕ ВО ЦРВЕНИОТ КРСТ

**МЛАДОСТ, КРЕАТИВНОСТ, ЕНЕРГИЈА**

Младите волонтери на Црвен крст Охрид беа вклучени во најголемиот број активности од сите сфери на делување на Црвен крст Охрид. Нивната посветеност, креативност и енергија беа двигатели на активностите во Црвен крст Охрид. Препознавајќи ја можноста да се изградат како високо морални, совесни и одговорни луѓе, да стекнат нови знаења и вештини од најразлични области, младите масовно пристапуваат и се дел од Црвен крст Охрид. Организирани во Клуб на млади тие даваат драгоцен придонес во развојот на нашата организација.

**Бројни активности на младите**

Младите на Црвен крст Охрид учествуваа во организација и реализација на бројни активности од делот на здравствено-превентивната дејност: врснички едукативни работилници за болестите на зависност, сексуално преносливите болести, трговија со луѓе,подигање на нивото на свеста кај населението за ретките болести. Нашите младинци успеваа навремено да стигнат до најодалечените места за да помогнат со достава на хуманитарни пакети и друга помош на ранливите категории на граѓани. Беа активни учесници во подготовка и реализација на бројни хуманитарни концерти, продажни изложби, спортски хуманитарни настани, едукативни работилници.

**Недела на млади**

Традиционално, во периодот од 1 до 7 октомври, Црвен крст на Република Северна Македонија ја одбележува Неделата на младите. Во текот на оваа недела, Клубовите на млади при општинските организации на Црвениот крст ги промовираат своите активности, својот труд и работа, како и волонтирањето меѓу младите.

Во рамки на одбележувањето на Неделата на млади, Клубот на млади од Црвен крст Охрид одржа низа активности:

- Одбележување на 27 роденден на Клубот на млади од Црвен крст Охрид на 05.10.2023-Оваа специјална пригода се одбележа со презентација на која беа прикажани најинтересните актвности кои се спроведуваат на годишно ниво. Тоа беше моќен потсетник за влијанието што се правело во текот на изминатите години во еден од најпрвите Клубови на млади во нашата држава .За да се прослави, волонтерите заедно дуваа торта, додека споделуваа лични приказни и искуства. Честитки за 27 години посветеност, услуга и раст.
- Во соработка со Градската библиотека, Црвен крст Охрид организираше отворен ден во НУ Библиотека "Григор Прличев" - Охрид на 06.10.2023 кога сите млади читатели на возраст до 29 години кои тој ден ја посетија библиотеката, добија бесплатно годишно членство во библиотеката. Целта на оваа активност е поттикнување на љубовта кон книгата и читањето меѓу младите.
- Засадување на дрво во дворот на Црвен крст Охрид со што младите волонтери ќе дадат мал, но значаен придонес кон промоција на заштитата на животната средина - На ден 11.10.2023 како активност во склоп на Неделата на млади во дворот на Црвен крст на Република Северна Македонија-Општинска организација Охрид волонтерите од Клубот на млади засадија дрвце за кое што ќе се грижат и ќе претставува симбол на сплотеноста, грижата, посветеноста, заедништвото...
- Дружење на младите волонтери со коешто се заокружи Неделата на млади и во текот на кое ќе се проектира филм во просториите на Црвен крст Охрид

Одбележувајќи ја Неделата на млади, волонтерите на Црвен крст Охрид, покрај тоа што го промовираат доброволниот ангажман на младите, упатуваат порака до своите врсници да се приклучат кон хуманото семејство на Црвениот крст и да растат и да се развиаат работејќи за доброто на друг.
Реализацијата на дел од активностите е помогната од страна на канадската организација Canadians For Children At Health Risk со која Црвен крст Охрид има долгогодишна успешна соработка

**Локално собрание на млади**
На 01.06.2023 г. на седница на Локалното собрание на млади, како нов член и заменик член беа избрани Борче Исакоски и Христијан Јанкуловски, волонтери во Клуб на млади од Црвен крст Охрид.

**Работилница за менаџмент на време**
На 17.01.2023 година, редовниот состанок на Клубот на млади при Црвен крст Охрид се продолжи со реализирање на програмата за меки вештини "Моќта на моите способности" . Се одржа работилница за менаџмент на време на која што учествуваа околу 30 волонтери од Клубот на млади на која младите научија: Што е тоа менаџмент на време, како да го менаџираме времето добро, зошто менаџирањето на времето е важно? Работилницата ја одржаа лидерите на Клубот на млади, Борче Исакоски и Сара Петковска по спроведената анкета за истражување на интересите на волонтерите.

**Мотивациска работилница**
На ден 22.02.2023 година, на редовниот состанок на Клубот на млади од Црвен крст Охрид дел од волонтерите имаа можност да учествуваат на мотивациска работилница за волонтери со претседателот и потпретседателот на Општинска организација Охрид. На истата околу 25 млади волонтери имаа можност да поразговараат за нивното искуство во рамките на Црвен крст, нивната мотивација, нивните интереси, идеи и желби. Работата со младите отсекогаш бил еден од приоритетите на Црвен крст Охрид, па баш со таа цел беше одржана оваа активност, за да се слушне мислењето на волонтерите и да се мотивираат и понатаму да бидат позитивната промена во нашето општество. Се заблагодаруваме на претседателот Сашо Точков и потпретседателот Весна Терзиоска за одвоеното време и на волонтерите за нивното учество на оваа работилница.

**Онлајн работилница**
На ден 08.02.2023 година на редовниот состанок во Клубот на млади во Црвен крст Охрид, младите волонтери имаа прилика да учествуваат на онлајн работилница "Learning skills to lead your life". На оваа работилница тие имаа можност да слушнат повеќе за тоа како да развијат здрави навики кај себе и кај своите блиски, и како да станат

проактивни членови на нивните заедници. Работилницата се одржа во соработка со организацијата Canadians For Children At Health Risk од страна на фасилитаторот dr. Raphael Lindsay на кои им искажуваме благодарност за одвоеното време.

**Кариерно советување во Клуб на млади**

Како и минатата година, земајќи ги предвид потребите на волонтерите во Клубот на млади при Црвен крст Охрид, на ден 09.02.2023 година се одржа сесија за кариерно советување. На истата околу 20 волонтери, воглавно од трета и четврта година средно, се запознаа со тоа како можат да ги откријат своите интереси, своите квалитети, како и тоа што следи понатаму во однос на бирањето на нивната професионална кариера.Сесијата ја одржаа советничките за кариерно советување Марија Коваческа и Ана Топенчарова Коваческа.

**Мотивациска работилница**

На ден 22.02.2023 година, на редовниот состанок на Клубот на млади од Црвен крст Охрид дел од волонтерите имаа можност да учествуваат на мотивациска работилница за волонтери со претседателот и потпретседателот на Црвен крст Охрид. На истата околу 25 млади волонтери имаа можност да поразговараат за нивното искуство во рамките на Црвен крст, нивната мотивација, нивните интереси, идеи и желби. Работата со младите отсекогаш бил еден од приоритетите на Општинска организација Охрид, па баш со таа цел беше одржана оваа активност, за да се слушне мислењето на волонтерите и да се мотивираат и понатаму да бидат позитивната промена во нашето општество. Се заблагодаруваме на претседателот Сашо Точков и потпретседателот Весна Терзиоска за одвоеното време и на волонтерите за нивното учество на оваа работилница.

**Работилница за 8ми Март**

По повод интернационалниот ден на жената во Клубот на млади во Црвен крст Охрид секоја година традиционално се подготвуваат честитки за случајни минувачи и вработените во институциите кои го празнуваат овој празник. И оваа година за таа цел волонтерите на Црвен крст Охрид со дел од групите на деца кои ја посетуваат програмата Бреинобреин во рамките на општинската организација организираа креативна работилница. Честитките беа изработени во една пријатна и работна атмосфера во која децата и волонтерите се запознаа, се дружеа и се забавуваа.

**Работилница за решавање проблеми**

Како дел од програмата за меки вештини во просториите на Црвен крст Охрид на ден 15.03.2023 беше одржана работилница на редовен состанок на Клуб на млади на тема ,,Решавање на проблеми". На работилницата која беше одржана на англиски јазик, нашите волонтери научија начини како подобро и полесно да се справат со своите проблеми. Работилницата ја водеа Катерина Наумоска, проектен координатор во Црвен крст Охрид, и Dani Rose, учесник во програмата Virtual Service Pilot на Мировен Корпус.

**Работилница на тема Моќта на моите способности**

На ден 19.04.2023 година, на редовниот состанок на Клубот на млади од Црвен крст Охрид се одржа уште една од работилниците од програмата за меки вештини. 13 млади волонтери се запознаа со темата на ЈАВНО ГОВОРЕЊЕ т.е. зошто е тоа важно, кои се карактеристиките на еден добар оратор, како да се подобрат во однос на оваа вештина и слично. Работилницата ја одржаа Борче Исакоски, Бојана Котеска и Ѕвездан Јончевски како дел од раководството на Клубот по иницијатива на волонтерите.

**Работилница за критичко размислување**

На ден 26.04.2023 година, на последниот редовен состанок на Клубот на млади од Црвен крст Охрид се продолжи со уште една работилница за меки вештини т.е. работилница за критичко размислување. Критичкото размислување е многу важна вештина за сите млади, па за да го објаснат тоа на волонтерите се погрижија Катерина Наумоска,

проектен координатор во Општинска организација Охрид, и Dani Rose, учесник во The Peace Corps Virtual Service Pilot. 21 волонтер се запознаа со тоа што е критичкото размислување, зошто е важно, како и каде се практикува, и како добро критички размислува една личност.

**Работилница за програмско работење**
Во периодот од 12 до 14 мај во Едукативниот тренинг центар на Црвен крст Охрид во Велестово се одржа тридневна работилница за програмско работење со ПХВ младинците од минатата и оваа година. Во текот на три дена 22 млади се запознаа подетално со работењето на националното друштво, вклученоста на младите во истото, општинската организација и Клубот на млади од Црвен крст Охрид. Освен тоа, овие млади како најискусна група волонтери во рамките на Клубот имаа можност да разработат идеи за нови програми и активности, кои ги споделија и со раководството на Клубот на млади, и претседателот на општинската организација, г-дин Сашо Точков. Работилницата беше припремена и изведена од страна на лидерите и координативното тело на Клубот на млади при Црвен крст Охрид, и поддржана од страна на општинската организација.

**Работилница за здрави навики**
На редовниот состанок на Клубот на млади од Црвен крст Охрид на 09.06.2023 година, младите волонтери имаа можност во една поинаква атмосфера да учествуваат на работилница за здрави навики. На истата, 10 волонтери дискутираа и се запознаа повеќе со темите за здрава и балансирана исхрана, здрав начин на живот и физичка активност и сон. Работилница беше спроведена во соработка со Здружение на лекари специјализанти, од страна на Дијана Мицевска.

**Night to shine**
На ден 10.02.2023 година, нашите волонтери и оваа година по втор пат беа дел од свечената матурска вечер посветена на лицата со посебни потреби, која е во организација на Tim Tebow Foundation, под име "NIGHT TO SHINE". Ни причинува огромно задоволство што волонтерите од Клубот на млади од Црвен крст Охрид имаа повторно прилика да ја почувствуваат магијата на овој настан и со овие личности заедно да ги делат насмевките

**Sunset & Chill**
На ден 30.09.2023 година се одржа креативна и релаксирачка работилница во паркот кај Куба Либре. На оваа работилница околу 20 учесници од Клуб на млади од Црвен крст Охрид беа поделени во 3 групи низ три различни катчиња. Катчињата се состоеа од катче за цртање, катче за друштвени игри и катче за пишување каде сите кои учествуваа можеа да си ги ослободат своите мисли преку цртежи, текстови или со играње на друштвени игри. Со оваа активност започна одбележувањето на Неделата на млади во Црвен крст Охрид.

**Забава под маски**
На ден 01.11.2023 во просториите на Црвен крст Охрид се организираше "Забава под маски" со цел сплотување и забава на сегашни и нови волонтери. Посетителите ја покажаа својата креативна и уметничка страна и не' воодушевија сите со своите прекрасни уникатни маски. Се разбира, атмосферата беше поткрената со пријателски натпреварувачки дух, каде сите ги претставуваа своите маски, а жирито одбра најдобра маска која што беше наградена. Во текот на целата вечер владееше позитивна енергија и смеа, што придонесе нашите волонтери да уживаат во ноќта под маски и да изразат желба за нови забавни настани.

**Game night**
На ден 08.11.2023 на редовниот состанок на Клубот на млади од  Црвен крст Охрид  беше организиран game night. На состанокот волонтерите имаа можност да се опуштат од напорното секојдневие и да уживаат во заедничката дружба. Се забавуваа и квалитетно го поминаа своето слободно време играјќи монопол, диксит, шах и многу други забавни игри

**Secret Santa**

На 20 декември оваа година по повод новогодишните празници и крајот на 2023 се одржа последниот состанок од на кој волонтерите се потсетија на сите успеси на Клубот на млади во изминатава година. Истата вечер во кафе барот Венус се одржа доделување на подароците од организираниот Secret Santa меѓу волонтерите од Клубот на млади од Црвен крст Охрид. Им се заблагодаруваме на сите оние кои вложија во себе и во Клубот оваа година, и се надеваме дека ќе продолжиме да се гледаме и во следната 2024 година.

**Караоке забава**

Во рамките на социјално - хуманитарниот младински проект " Стопли нечиј дом и срце", уште една од групите на волонтери од Црвен крст Охрид организираше хуманитарна караоке забава во Ликвид. Целта на активноста беше преку забава да се потикне хуманиот дух на младите охриѓани и со заеднички сили да му помогнеме на нашиот сограѓанин Петар Попоски, на кој му се потребни финансиски средства за лекување. Петар има 22 години и боледува од ретка болест Tyrosine Hydroxylase deficit. Хируршката интервеција не може да се изведе во Македонија, поради тоа мора да се оперира во Турција и се потребни околу 50 илјади евра. На настанот како специјални гости настапија 10тина млади таленти и ги мотивираја присутните да ја испеат нивната омилена песна. Се заблагодаруваме на кафулето Ликвид, волонтерите, специјалните гости и сите присутни за нивната хуманост. Охрид уште еднаш покажа колку се охриѓани хумани,

**Пробни врснички едукации**

По спроведениот тренинг за врснички едукатори во Клубот на млади во Црвен крст Охрид во месец декември минатата година, потенцијалните врснички едукатори имаа задача да спремат своја пробна врсничка едукација.
Три од паровите врснички едукатори, на 12.02.2023 година, имаа можност да ги презентираат своите теми и да ги реализираат своите работилници пред околу 20 волонтери од Клубот на млади .
Беа обработени темите:
- " Што е тоа cyber - bullying и како да се спречи?" - Ивона Тасеска и Методија Стојаноски
- " Како да го користиме безбедно интернетот?" - Ѕвездан Јончевски и Филипа Мијалкова
- " Како да станете најдобрата верзија од себе?" - Наталија Танеска и Софија Јаковлева

Им посакуваме успех на овие волонтери понатаму во процесот на нивно обучување.

**Пробни врснички едукации**

На ден 25.02.2023 година во Црвен крст Охрид се одржа вториот дел од пробните врснички едукации на волонтерите кои учествуваа на тренингот за врснички едукатори минатиот декември.
Беа опфатени неколку теми од обласна на менталното здравје, и тоа :
"Предизвиците на тинејџерството" - Калина Стојаноска и Маида Демироска
"Нездрави навики и нивно разрешување" - Христијан Дончевски и Ана Мојсоска
"Како да излезете од вашата комфор зона?" - Ангел Карали и Ана Марија Петковска
Околу 15 волонтери имаа можност да ги проследат овие работилници и да се информираат повеќе на овие значајни теми кои се актуелни во општеството.

**Врснички едукации за превенција од сексуално преносливи болести**

Сексуално преносливите инфекции, како што се СИДА, кламидија, сифилис и ред други, се на потег, затоа е од особена важност нивната рана детекција и дијагноза!

- На ден 08.03.2023 година на редовен состанок во Клубот на млади во Црвен крст Охрид беше одржана првата врсничка едукација за сексуално преносливи инфекции за оваа година. Едукацијата беше одржана од новообучените едукатори на темата Сара Петковска и Ивана Котеска во присуство на 15 волонтери од Клубот. Тие имаа можност да се запознаат со тоа што се тоа сексуално преносливи инфекции и болести, како

се пренесуваат, како се превенираат и како се третираат, начините за заштита при сексуален однос, но и ја објаснаа вистината зад вообичаените стереотипи во однос на оваа тема

- На ден 07.04.2023 беше одржана врсничка едукација за превенција од сексуално преносливи инфекции во средното училиште "Св. Кирил и Методиј" Охрид. На истата учествуваа околу 35 ученици кои се обучија за важноста на користењето на контрацепција, видовите на сексуално преносливи инфекции, начините на кои се пренесуваат и на кои што можат да се заштитат. Едукацијата ја одржаа врничките едукатори од Црвен крст Охрид, Сара Петковска и Ивана Котеска со цел поефикасно исполнување на минимум стандардите за информирање на населението.
- На 18.12.2023 беше одржана врсничка едукација со учениците од ДСУ Спортска академија – Охрид од сите 4 години. Едукацијата беше одржана од страна на обучени врснички едукатори за СПИ- Ивана Котеска и Сара Петковска во присуство на 30тина ученици. Присутните имаа можност да се запознаат со тоа што се тоа сексуално преносливи инфекции, како се пренесуваат, како се третираат, кој се последиците и пред се' како да се заштитат
- На 26.12.2023 беше одржана врсничка едукација во ОУ "Кочо Рацин" со учениците од деветто одделение. Едукацијата беше одржана од страна на обучени врснички едукатори за СПИ од Црвен крст Охрид, Ивана Котеска и Сара Петковска во присуство на 32 ученици. Присутните имаа можност да се запознаат со тоа што се тоа сексуално преносливи инфекции, како се пренесуваат, како се третираат, кој се последиците и пред се како да се заштитат

**Тренинг за врснички едукатори**

На 02 и 03.12.2023 г. се одржа тренинг за врснички едукатори во Клубовите на млади при Црвен крст Охрид и Црвен крст Струга. На истиот, 16 млади од двете општински организации се запознаа со основите на врсничката едукација, имаа можност да ги извежбаат вештините кои се потребни за одржување на врсничка едукација како комуникација, презентациски и говорни вештини, фасилитаторство и кофасилитаторство и работа во тим, но и ги ставија своите знаења и способности на тест пред останатите со одржување на презентација на одредена тема. Тренингот се одржа во просториите на Црвен крст Охрид од страна на Христина Стојкоска и Борче Исакоски кои минатата година го поминаа тренингот за тренери во центарот Солферино. Им посакуваме успех на потенцијалните идни едукатори во процесот на дообучување и работата на терен.

**Ноември- месец на борба против болести на зависност**

Во месец ноември, месецот на борба против болести на зависност (никотинизам, алкохолизам и злоупотреба на дрога), врсничките едукатори од Клубот на млади при Црвен крст на Охрид спроведоа врснички едукации со цел информирање на младата популација. На 22, 23 и 24 ноември 2023 година се одржаа три врснички едукации за превенција од болестите на зависност во основните училишта ООУ “Ванчо Николески” - с. Лескоец, ООУ "Кочо Рацин" - с. Лакочереј и ООУ “Св. Наум Охридски” - с. Пештани. На овие едукации околу 90 ученици од деветто одделение беа запознаени со зборот зависност, причините поради кои настанува, штетните ефекти на зависните супстанци, како и начините на третман и спречување на зависноста. Исто така, со цел да се подигне јавната свест и едуцираноста на младите на штетноста од овие болести, волонтери од Клубот на млади од Црвен крст Охрид дистрибуираа флаери низ кафулињата во Охрид во текот на месецот за да ги информираат за ризиците од возењето во пијана состојба.

**Врснички едукациии за превенција од болести на зависности**

Црвен крст Охрид почна со реализирање на врснички едукации во 2023 година со цел побрзо исполнување на минимум стандардите за информирање на населението. Беа одржани 3 врснички едукации за превенција на болести од зависности во основните училишта "Св. Климент Охридски" и "Ванчо Николески" со учениците од седмо, осмо и деветто одделение . Врсничките едукации беа одржани во периодот од 7 до 10 февруари од страна на

врсничкиот едукатор Борче Исакоски. Околу 80 учесници се запознаа со тоа што значи зависност, зошто настанува, каков ефект имаат наркотиците врз организмот и како се спречува зависноста.

**Меѓународен ден на лица со попреченост**

На ден 02.12.2023 беше одбележан Меѓународниот ден на лицата со попреченост (3ти Декември), а воедно и четвртиот роденден на Здружението на родители и деца со посебни потреби "Тајните на моето срце". Нашите волонтери и оваа година беа дел од настанот и се погрижија да измамат насмевка на лицата на присутните дечиња, а воедно и да им го разубават денот. На крајот на настанот на дечињата им беа поделени и симболични подароци. Овој настан стана едно незаборавно искуство за нашите волонтери кои ја имаа можноста да го почувствуваат вистинското значење на среќата низ очите на насмеаните дечиња.

**Светски ден на волонтерството**

- По повод 5-ти декември, Светскиот ден на волонтерството, Црвен крст Охрид на 05.12.2023 г., под мотото НАДЕЖ организираше Дефиле на волонтери, со старт во 12:30 ч. од плоштад Чинар и цел кај Холандскиот парк. На дефилето беа поканети волонтери од сите возрасти и области на делување од здруженијата во нашиот град. Дефилирајќи низ градските улици на Охрид, волонтерите на одредени места изведуваа соодветни перформанси нагласувајќи ја потребата и корисноста да се биде волонтер и испраќајќи силна порака дека волонтерството е НАДЕЖ за подобро утре и дека секој може и треба да го НАЈДЕ ВОЛОНТЕРОТ ВО СЕБЕ. Волонтерите при Црвен крст Охрид, заедно со волонтери од други организации во Охрид, беа дел од волонтерско дефиле под мотото НАДЕЖ, кое започна од Плоштад Чинар и заврши кај Холандски Парк. На дефилето волонтерите ги прикажаа паролите „Пронајди го волонтерот во себе", „Волонтерите се НАДЕЖ за подобро утре", „Волонтерството е сила која креира и развива" и „Волонтерите го донираат највредното – своето време". Со ова го честитавме Светскиот ден на волонтерството на сите наши волонтери и сите оние кои се инспирирани од слободната волја, а не од желбата за материјална или финансиска добивка и доброволно дале своја услуга со цел намалување на ранливоста на населението. Испративме порака дека волонтирањето дава НАДЕЖ за подобро утре.

- На ден 05.12.2023 година го одбележавме Светскиот ден на волонтерството заедно со волонтерите на Клубот на млади при Црвен крст Охрид. Раководното тело на Клубот на млади со помош на вработените, организираа волонтерска вечер во кафе бар „Shilla", каде координаторот на млади и лидерот на Клубот на млади одржаа говор во знак на благодарност на волонтерите и врачија благодарница на секој активен волонтер за нивната посветеност и придонес во организацијата. Вечерта продолжи со дружба меѓу волонтерите, споделување на најразлични искуства и моменти, со обезбедени безалкохолни пијалоци за секој волонтер од страна на Црвен крст Охрид.

**Учество на младински камп**

Во периодот од 24 до 26 февруари, волонтерите од Црвен крст Охрид, Сара Петковска и Радмила Герасимова учествуваа на кампот во организација на Црвен крст Струмица по повод традиционалниот карневал. На истиот, тие имаа можност да се запознаат со волонтери од други градови и да помогнат во тимот на логистика и прва помош на настанот. Се заблагодаруваме на Црвен крст Струмица за овозможената прилика и гостопримството.

**Младински национален камп**

Во периодот од 20.08.2023 до 26.08.2023 се одржа еднонеделен летен младински камп "100% Црвен Крст" организиран од ЦКРСМ во автокамп АС во Струга. На овој камп учество зедоја новите членови на координативното тело, Методија Стојаноски и Петар Целакоски. Кампот беше организиран со цел подобрување на лидерските способности, вештините за комуникација и подобро запознавање со целите и начинот на функционирање на Црвениот Крст на волонтерите, членовите на координативните тела, лидерите и замениците лидери на големиот број на општински организации кој зедоа учество на овој камп. Кампот за нашите претставници претставуваше едно прекрасно еднонеделно искуство во кое се стекнаја со многу важни и потребни вештини за тоа како правилно и

ефикасно треба да се води Клубот на млади, а во процесот се стекнаја и со нови пријателства од сите краеви на нашата држава.

**Младински камп „Пулсот на Беласица“**

Во периодот од 16.08.2023 до 19.08.2023 се одржа младинскиот планински камп „Пулсот на Бесица“ во кој зедоа учество 2 волонтери од Црвен крст Охрид Арсениј Ѓоршески и Ѓорѓи Шикалоски. На овој камп учесниците имаа две рути односно искачување на врвот „Ѕвезден врв“ и „Ѓаволски мост“. Учесниците на овој камп се стекнаа со знаења за однесување на планина како и прва помош за можни повреди при планинарење.

**Еколошка акција**

На 13.05.2023 година, се одржа голема еколошка акција „Генералка викенд“ во организација на компанијата „Мен енд маунтен“, а со поддршка на Министерството за животна средина, Пивара Скопје, Пакомак и Нула Отпад. Во акцијата се вклучија и Црвен крст Охрид преку волонтерите од Клуб на млади и волонтерите од програмата за грижа за стари лица “Најди време“ коишто го помогнаа чистењето на плажите  Грашница, Горица и Св. Стефан. Целта на ова акција пред сè беше подобрување на состојбата на животната средина и подигнување на свеста за зголемување на заштитата на Охридското езеро и неговото крајбрежје. Ваквите акции се мошне потребни бидејќи едукацијата и практичните примери се најважни во борбата за заштита на животната средина.

**Еколошка трибина**

Во склоп на еколошката национална програма "Зелен волонтеризам", на ден 31.05.2023 година на редовниот состанок на Клубот на млади од Црвен крст Охрид се одржа еколошка јавна трибина за средношколци. На истата учествуваа 18 средношколци кои благодарение на Ангела Тасеска, претставник од НП Галичица, имаа можност да се запознаат подобро со работата на националниот парк и нивните можности како млади во рамките на нивната организација

**Меѓународна школа за миграции**

Од 17 - 21 септември во центарот Солферино во Струга, Црвен крст на град Скопје организираше Меѓународна школа за миграции, на која учество земаа претставници од Националните Друштва на Црвен крст од Грција, Бугарија, Албанија, Италија, Србија, Хрватска, Црна Гора, Русија, како и учесници од нашата држава. Учесниците имаа можност да учат од експерти од областа на миграции и низ процес на дискусии да разменат ставови и гледишта за мешаните мигациски текови. Претставници на Министерството за внатрешни работи, УНХЦР, ИОМ, МИЛА. Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина и други, беа дел од програмата на школата. На истата се реализираше и панел дискусија со министерот за внатрешни работи г-дин Оливер Спасовски и Генералниот Секретар на Црвен крст на РСМ г-дин Саит Саити. Покрај дискусиите и предавањата, учесниците беа дел од симулациска вежба и други активности за практично приближување на материјата. На оваа школа учество како претставници на Црвен крст Охрид земаа волонтерите од Клубот на млади Борче Исакоски и Игор Јосифоски.

**Партнерска активност**

На последниот национален камп за лидери и заменици кој се одржа изминатото лето во автокампот "АС" во Струга, учесниците беа запознаени со иницијативата за формирање на партнер - клубови. Партнер - клубовите се два или три Клубови на млади кои склучуваат соработка со цел организирање на заеднички активности за нивните волонтери. Минатиот викенд 16 волонтери од Клубот на млади од Црвен Охрид учествуваа на нивната прва партнерска активност со волонтерите од Клубовите на млади од Општинска организација Битола и Кичево. На истата тие имаа можност преку најразлични активности да се запознаат повеќе меѓусебе и да поработат на своите тимски вештини во просториите на Црвен крст Битола. Се заблагодаруваме за гостопримството и се надеваме дека оваа соработка ќе продолжи и понатаму со уште поуспешни активности

**Velestovo United**

На ден 20.08.2023 во Едукативниот тренинг центар во Велестово се одржа настанот Velestovo United за сите волонтери на Клубот на млади од Црвен крст Охрид кои во последниве 10 години активно придонесувале за неговиот развој. На истиот учествуваа околу 70 волонтери кои што имаа можност повторно да го почувствуваат волонтерскиот дух, да се забавуваат, да се мотивираат и да ги мотивираат останатите присутни со своите волонтерски искуства и приказни. Овој настан се одржа по иницијатива на Црвен крст Охрид со помош од раководствата на Клубот на млади од претходните 10 години.

**Хуманитарна и спортско-рекреативна акција За посреќно детство**

Спорт, забава, едукација, дружење, насмевки и хуманост од бројните посетители и учесници кои го исполнаа Градскиот плоштад во Охрид при одвивањето на традиционалната хуманитарна и спортско-рекреативна акција, која во организација на Црвен крст Охрид и во партнерство со Стоматолошкиот центар „Др. Баткоски" по 13-ти пат се одржа на 24.09.2023 година  во Охрид. Акцијата започна со градско дефиле-трка по улицата Македонски Просветители и Кеј Македонија, за да продолжи со натпревари во бројни спортски дисциплини: фудбал, ракомет, пикадо, вртење хулахоп, скокање со јаже. За забавата се погрижија распеаните „Рибарчиња", а спортскиот дух во ритамот на музиката го одржуваше аеробик сесијата со професорката Кате Бујароска. Презентации на ракометните вештини имаа  ракометните школи Вардар Охрид и Вардар Седмерец. На градскиот плоштад свое катче имаше и Центарот за развивање животни вештини Бреинобреин при Општинска организиација Охрид и Едукативниот центар на Општинска организација Охрид  „Полетарче", а своите креативни цртачки способности ги искажаа многу дечиња во едукатиното уметничко катче.Бројните посетители, од сите возрасти не останаа рамнодушни на настапите на жонглерите, штуларите, аниматори, кловнови, мимичари, магионичари, за кои, заедно со бројните вредни награди, се погрижи Стоматолошкиот центар Др. Баткоски. Сите оние кои купиле учеснички број учествуваа во големата наградна игра на Црвен крст Охрид со преку 20 вредни награди кои беа извлекувани во втората половина на месец октомври, во емисија во живо. Црвен крст Охрид изразува благодарност до партнерот Стоматолошки центар „Др.Баткоски" и сите помагатели и поддржувачи на хуманитарната спортско-рекреативна акција „За посреќно детство".

**Матуранти 2023**

На ден 14.09.2023 традиционално го посветивме нашиот редовен состанок на нашите 26 волонтери кои оваа година се матуранти и кои имаат голем придонес во Клубот на млади при Црвен крст Охрид. Состанокот имаше за цел да се споделат позитивните искуства на овие волонтери, како и да ги мотивираат и поттикнат останатите зошто е важно да се волонтира. Исто така, тие имаа можност да проследат кратка презентација за можностите за волонтирање во студентските градови во нашата држава. На крајот од церемонијата им беа традиционално доделени чаши со нивниот најдраг момент од волонтирањето, од страна на раководството на Клубот на млади и секретарот на Црвен крст Охрид. Во склоп на оваа церемонија беа доделени и уверенијата за врснички едукатори на 10 волонтери од нашата општинска организација кои успешно го завршиј процесот на обучување и тренирање. Им се благодаруваме за секој придонес и секоја вложена идеа на нашите волонтери и им посакуваме многу успеси понатаму.

## ЦРВЕН КРСТ ОХРИД-АКТИВНОСТИ ПЛУС

**БОБ**

Центарот за развивање на животни вештини Бреинобреин-Црвен крст Охрид кој веќе 13 години е лидер во едукацијата на младите од 4-14 годишна возраст со Меѓународно призната и познатата Бреинобреин програма и во 2023 година нанижа големи успеси.

- **Интернационален Бреинобреин натпревар**

Уште еден голем меѓународен успех на охридските бреинобреин генијалци на 9-от Интернационален Бреионобреин натпревар кој на онлајн платформа се одржа на 28 јануари 2023 година. Во конкуренција од 20603 илјади учесници од 84 земји, 37 ученици од Центарот за развивање животни вештини БОБ - Црвен крст Охрид кои учествуваа на овој

натпревар освоија 9 трофеи, 13 златни медаљи и 15 сребрени медаљи.И овој пат, интернационално мерливите резултати покажаа и потврдија дека нашите бреинобреин генијалци се меѓу најдобрите во светот. А успехот се должи на посветеноста, вложениот труд и упорната работа на децата, на несебичната и професионална посветеност на тренерите и на поддршката од родителите. Поттикнати од овој успех продолжуваме со имплементација на Бреинобреин програмата фокусирани на подобрување на излезните развојни резултати кај децата и градење поттикнувачки амбиент за учење преку креирање мотивација и позитивен пристап кон учењето кој им помага на децата да развијат вештини, знаења, компетенции, самодоверба и чувство на социјална одговорнос.

- **Доделување награди и сертификати БОБ**

Во прекрасна атмосфера на забава и дружење, на 23.04.2023 година во просториите на Касарна ХАБ во Охрид, беа доделени наградите на децата од Центарот за развивање на животни вештини БОБ - Црвен крст Охрид кои учествуваа на 9-от Интернационален Бреионобреин натпревар кој на онлајн платформа се одржа на 28 јануари 2023 година. Децата и родителите не го криеја задоволството и гордоста што токму тие се дел од најстариот и најуспешниот Бреинобреин центар на Балканот и на овој престижен светски БОБ натпревар, во конкуренција од 20603 илјади учесници од 84 земји, 37 ученици од Центарот за развивање животни вештини БОБ кои учествуваа на овој натпревар освоија 9 трофеи, 13 златни медаљи и 15 сребрени медаљи. На овој настан, тренерите на Бреинобреин програмата, на децата им ги доделија и сертификатите за завршено соодветно БОБ ниво и воедно ги претставија најмладите ученици, кои оваа година го започнаа првото ниво од Бреинобреин програмата, но и „најстарите“ ученици кои во моментов го следат десеттото, последно ниво од Бреинобреин програмата. Убавото сончево време беше искористено и за дружење и креативни друштвени игри на дечињата, заедно со волонтерите на Црвен крст Охрид, во природниот амбиент на просторот околу Касарна ХАБ.

- **Brainobrain WALKATHON**

Со Brainobrain WALKATHON прошетка-пешачење со причина и под мотото ЗА ПОЗИТИВНО МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ КАЈ ДЕЦАТА Центарот за развивање животни вештини Бреинобреин - Црвен крст Охрид го одбележа 20 годишниот јубилеј на Бреинобреин програмата во светски рамки. Промовирање на здрави животни навики, физичка активност, здрава храна, силни хумани пораки, од насмеаните лица на нашите Бреинобреин генијалци кои во моментов ја следат БОБ програмата во Општинска организација Охрид, заедно со оние кои успешно ги завршиле сите 10 нивоа од оваа програма, но и потенцијалните Бреинобреин генијалчиња, во моментов полетарчиња, кои се подготвуваат за следење на БОБ програмата во Едукативниот центар Полетарче во Црвен крст Охрид. И сето тоа преку забава и дружење го исполна градскиот плоштад Св.Климент Охридски, Кеј Македонија и спортската сала Билјанини извори.
Ова беше можност да бидат поделени сертификатите на децата кои го завршиле соодветното ниво на БОБ програмата, но и да бидат претставени дел од децата кои биле од самите почетоци и успешно ја завршиле БОБ програмата, во првиот Центарот БОБ при Црвен крст Охрид на Балканот, а денес се успешни во своето школување како првенци на генерација, добитници на највисоки награди на државни и меѓународни натпревари и личности кои ги красат високо морални и хумани вредности. Колоритот на овој настан го збогатија и родителите кои се најголемата поддршка на децата и признание за нашиот центар, а секако и тренерите на БОБ програмата кои со својата висока професионалност и искрена посветеност придонесуваат за успехот на децата и профилирање на БОБ центарот како еден од најдобрите во светски рамки. Изразуваме голема благодарност до сите оние кои ни ја укажале довербата и овозможиле, во овие 13 години работа на Центарот за развивање животни вештини БОБ - Црвен крст Охрид, преку 100 деца да ги завршат сите десет нивоа од оваа програма и кои како лидери во својата средина трасираатнови патишта за развивање на едно похумано и поефикасно општествено живеење и делување. Благодарност и до нашите поддржувачи кои ја помогнаа реализацијата на овој настан, ЈП Билјанини Извори, хотел Амбасадор, цвеќара Камелија и ДиЏеј Данко.

- **БОБ сертификати**

Нова, тринаесетта по ред генерација на ученици успешно ја заврши комплетната Бреинобреин програма во Центарот за развивање на животни вештини БОБ-Црвен крст Охрид. За таа прилика, на пригодна свеченост, во

присуство на родителите, на Бреинобреин генијалците им беа доделени меѓународно признаени сертификати за завршени 10 нивоа на интернационалната Бреинобреин програма. Горди сме што секојдневно, армијата на бреинобреин генијалци се зголемува и се препознава по успесите кои ги нижат децата кои ја следеле и комплетно ја завршиле Бреинобреин програмата во Центарот за развивање животни вештини на Црвен крст Охрид. Ќе споменеме само некои од нив, Лео Нелоски, Прличевец, Првенец на генерација кој ја дополна веќе започнатата низа на Узуновци, Климентовци, Прличевци – првенци на генерации, Борче Исакоски, Михаил Рувинов, Димитриј Питроповски, Елена Стојоска, Леонид Тодороски, сите добро познати не само на охридската и македонската јавност, туку со своите успеси и достигнувања ја разбрануваа и светската. И сите тие, првите почетоци, уште од најмала возраст, ги направија во Центарот за развивање животни вештини Бреинобреин - Црвен крст Охрид и успешно ги завршија сите десет нивоа од оваа меѓународно призната Бреинобреин програма. Станаа лидери на сопствените животи. Тимот на БОБ - Црвен крст Охрид е уверен и посакува понатамошни успеси во сите сфери од животот на овие млади луѓе и останува отворен и на располагање со своите тренерски и педагошки квалитети и вештини на идните деца кои ќе решат својата успешна приказна да ја започнат следејќи ја Бреинобреин програмата во Центарот за развивање на животни вештини БОБ-Црвен крст Охрид. Центарот за развивање на животни вештини Бреинобреин - Црвен крст Охрид работи под франшизерство на Бреинобреин академијата од Ченаи, Индија од 2010 година. Во центарот се имплементира едукативна програма преку проверени и признаени едукативни техники базирани на Неуро лингвистичко програмирање (НЛП) и Абакус ментална аритметика (МА) кои го поттикнуваат мозочниот потенцијал кај деца од 4-14 годишна возраст за стекнување, развивање и потврдување на способностите за концентрација, фотографска меморија, нумерички и вербални способности, способности за учење, креативност и имагинација, лидерство, самодоверба, визуелизација, решавање на проблеми. Оваа светски призната и докажана програма ја спроведуваат високо професионални тренери со искуство во работа со деца и обучени од страна на меѓународни инструктори.

- **БОБ сертификати**

Центарот за развивање на животни вештини Бреинобреин - Црвен крст Охрид, во месец јули, стана побогат со уште една генерација, четиринаесетта по ред, која успешно го заврши десеттото ниво и ја комплетира БОБ програмата.

- **Посета на БОБ на отворен ден на АРМ и ПСС**

Тимот кој раководи со Центарот за развивање животни вештини Бреинобреин - Црвен крст Охрид, за време на летниот период, за своите ученици подготви најразлични содржини кои ќе го задоволат детското љубопитство, интерес, а воедно зачинети со дружење и игра. Едно ново поразлично искуство беше и запознавањето со ВИНГ воздухопловното летало на Армијата на РСМ и опремата што ја користи Планинарската спасителна служба при Црвен крст Охрид.

- **Посета на БОБ во НП Галичица**

Центарот за развивање животни вештини Бреинобреин - Црвен крст Охрид продолжи со реализирање на летните активности. Младите генијалци на 04.08.2023г имаа можност да бидат во улога на млади истражувачи. Со голем интерес и љубопитност го истражуваа животинскиот и растителниот свет по едукативно-еколошката патека на НПГ. Во училницата во природа изработија разгледници, а во опремената лабораторија, под микроскоп, ги набљудуваа инсектите и другите животински видови кои ги собраа за истражување. Имаа можност да добијат одговор на прашања поврзани со националниот парк Галичица од страна на одговорно лице од паркот. Благодарност до НП Галичица за гостопримството и прекрасно поминатиот ден.

- **Посета на БОБ на градски базен**

Центарот за развивање животни вештини Бреинобреин при Црвен крст Охрид продолжуви со реализирање на летните активности. Децата кои се дел од програмата уживаа во тренингот во пливање во отворениот базен ,,Атина Бојаџи". Научија нови техники кои ќе им помогнат при пливањето, од страна на м-р Катерина Стојаноска, инструктор по пливање, во пливачкиот клуб Охридски бранови 2008.

- **Посета на БОБ во Планинска спасителна служба**

Тимот кој раководи со Центарот за развивање животни вештини Бреинобреин - Црвен крст Охрид повторно им приреди ново доживување на децата од програмата БОБ. Овој пат во центарот на Планинската спасителна служба при Црвен крст Охрид. Дечињата уживаа гледајќи ги видеозаписите од вежбовните активности, теренските возила и опремата која ја користат спасителите. Качувањето на вештачката карпа, куклата фантом Перко оставија најсилен впечаток кај децата. Си го потврдија она што и претходно го знаеја "Само со учење, вежби, секојдневен тренинг, истрајност, може да се постигне успех во био кое поле од животот".

- **Државен натпревар БОБ**

На VII-от Државен натпревар на учениците кои ја следат Бреинобреин програмата, кој се одржа на ден 05.11.2023 во Скопје, во конкуренција од 229 натпреварувачи од 9 центри во Македонија, 39 БРЕИНОБРЕИН ГЕНИЈАЛЦИ од Центарот за развивање вештини БОБ од Црвен крст Охрид освоија 18 трофеи, 13 златни и 8 сребрени медали, со што уште еднаш се потврди дека Центарот за развивање на животни вештини БОБ - Црвен крст Охрид е најуспешен во Македонија. Учесниците на VII-от државен БРЕИНОБРЕИН натпревар од центарот БОБ, на 08.11.2023 (среда) во просториите на Црвен крст Охрид, ќе ги презентираат освоените награди и ќе изнесат повеќе детали од натпреварувањето.

**ПОЛЕТАРЧЕ**

Црвен крст Охрид и оваа година продолжи со Програма за подготовка на деца за во училиште. Програмата е наменета за деца од 5 и 6 годишна возраст кои сè уште не тргнале на училиште, без разлика дали посетуваат или посетувале претшколска установа (градинка). Целта на програмата е да се поттикне радост кон учењето и стекнување на нови знаења. Детето со радост да го очекува поаѓањето во училиште, во прво одделение, бидејќи успехот на училиште не зависи само од тоа колку знаење детето ќе донесе со себе, туку и од тоа колку ќе сака да стекне нови знаења.

- **Полетарче - пролетен циклус**

Со насмевки, игра, забава и дружење децата што ја следат програмата во едукативниот центар на Црвен крст Охрид, „Полетарче" го завршија пролетниот циклус на Програмата за подготовка на деца за во училиште. Оваа програма веќе втора година се спроведува во Црвен крст Охрид, а ја следат деца од 3-5 годишна возраст кои имаат единствена можност, преку игра, забава и дружење да ја развиваат и јакнат самодовербата, да применуваат креативни вежби за размислување, вежби на графомоторика, вежби на фина моторика, вежби за осознавање и разбирање на просторните и временските односи, вежби за говорот, социо-емоционални вежби, вежби за насочување и одржување на вниманието и друго. За успешно завршениот пролетен циклус, на пригодна свечаност, на ден 23.05.2023 г. во присуство на родителите, на децата им беа поделени соодветни сертификати.

- **Завршна свеченост БОБ и Полетарче**

И најмладите членови на Црвен крст Охрид, децата кои ја посетуваат едукативната програма ПОЛЕТАРЧЕ за подготовка на деца за во училиште и децата кои ја следат Бреинобреин програмата во Центарот за развивање на животни вештини Бреинобреин при Црвен крст Охрид, имаа заедничка предновогодишна дружба во ИБ фитнес центарот. Насмеани, со игра, забава и спорт, одбележаа завршување на уште еден успешен, есенски циклус од соодветната едукативна програма, за што, од своите тренери добија соодветни сертификати и новогодишни подароци и ја потенцираа својата мотивација и подготвеност за соочување со новите предизвици кои ги носат овие едукативни програми во наредната 2024 година.

Едукативната програма ПОЛЕТАРЧЕ веќе втора година се спроведува во Црвен крст Охрид, а ја следат деца од 3-5 годишна возраст кои имаат единствена можност, преку игра, забава и дружење да ја развиваат и јакнат самодовербата, да применуваат креативни вежби за размислување, вежби на графомоторика, вежби на фина моторика, вежби за осознавање и разбирање на просторните и временските односи, вежби за говорот, социо-емоционални вежби, вежби за насочување и одржување на вниманието и друго.

Интернационалната Бреинобреин едукативна програма веќе 13 години се спроведува во најстариот Центар за развивање животни вештини на Балканот, БОБ при Црвен крст Охрид, во кој имаат деца од 4-14 години имаат можност да ги стекнуваат, развиваат и потврдуваат своите способности: концентрација, меморија, нумерички и вербални вештини, способности за учење, креативност и имагинација, лидерство, самодоверба, визуелизација, решавање на проблеми. Заедно со своите тренери, БОБ генијалците испраќаа уште една плодна и успешна година и подготвени се за предизвиците кои ги носат новите нивоа на Бреинобреин програмата во наредната 2020 година. На крај, сите добија новогодишни подароци.

**НЕГА ЦЕНТАР ОХРИД**

Со добивање на лиценца за провајдер на социјални услуги, во рамките на Црвен крст Охрид официјално со работа започна Нега Центар кој нуди социјални услуги: помош и нега на стари лица и лица со попреченост во домот и лична асистенција на лица со попреченост.

Нега центарот нуди:

- Црвен крст Охрид е провајдер на услуги за помош и нега на стари лица и лица со попреченост во домот на територија на Општина Охрид
- Со услугата помош и нега ќе се нуди можност на нашите постари граѓани да живеат независно онаму каде што се чувствуваат најудобно – во своите домови
- Со услугата лична асистенција Црвен крст Охрид ќе обезбедува индивидуална помош и поддршка за лица со намален функционален капацитет со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата и вршење на секојдневни активности.
- располагаме со професионални и сертифицирани негуватели и лични асистенти кои нудат домашна помош и домашна нега, за постарите граѓани, лица со попречености но и за сите граѓани кои имаат потреба од ваков вид поддршка.

Основната цел на Нега центар – Охрид е да го подобри и одржува здравјето на корисникот во неговото семејно опкружување

**Обука за неговател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост**

Црвен крст Охрид е верификувана организација за спроведување на обуки за неговател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост во Охрид и Дебрца, согласно верификувана програма од страна на Центарот за образование на возрасните и Министерството за образование и наука. Со цел развивање на услугите за долготрајна нега на стари лица и лица со попреченост од страна на квалификуван и професионален кадар, Црвен крст Охрид и во 2023 година организираше обука за неговател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост.

Во период мај-јуни 2023 година, се одржа четвртиот циклус од обуките за негувател/ки на стари лица и лица со попреченост во организација на Црвен крст Охрид. На крајот од овој четврти циклус доделени беа сертификати на 7 лица кои ја следеа обуката за негувател/ка на стари лица и лица со попреченост и истата успешно ја завршија. Лицата кои ја завршија обуката ќе имаат можност да бидат вклучени во Нега центар при Црвен крст Охрид, социјален сервис кој ја нуди социјалната услуга помош и нега во домот на стари лица над 65 години, лица со намален функционален капацитет и на лица со попреченост на територија на Општина Охрид.

**Обука за лични асистенти за лица со попреченост**

Црвен крст Охрид во рамки на програмата „Лична асистенција на лица со попречесност" успешно ја спроведе и втората обука за лични асистенти на лица со попреченост. Обуката која се спроведуваше од октмври 2023 до јануари 2024 година успешно ја завршија 13 кандидати. Кандидатите кои успешно го положија финалниот испит се стекнаа со основните познавања за видовите на попреченост, видови помагала и нивна примена, помош на работно место, образовен процес и помош во заедницата на лица со попречесност, како и помош на корисникот во домот и начинот на комуникација со лицата со попреченост. Сертифицираните лични асистенти ќе се дел од НЕГА ЦЕНТАР при Општинска организација Охрид, кој како провајдер на социјални услуги ја нуди услугата лична асистенција на лица со попреченост на територија на општина Охрид.Услугата за лична асистенција има за цел да придонесе кон независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина. Исто така, оваа социјална услуга им овозможува на лицата со попреченост слобода на избор и независно водење на личниот живот со цел да ја компензираат својата попреченост делегирајќи ги своите

задачи на други лица. Корисници на оваа социјална услуга се: лица со потешка и најтешка телесна попреченост и лица со целосно оштетен вид на возраст од 6 години и возрасни лица. Услугата на локално ниво се реализира во соработка и со поддршка од Министерството за труд и социјална политика на Р.С.М. и ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Охрид.

**ВДИШИ ТЕАТАР**

Во рамки на своите програми за промоција и негување на хуманите вредности, поттикнување и развивање на креативноста кај младите, Црвен крст Охрид го организираше осмото издание на Меѓународниот Аматерски Младински Театарски Фестивал со наслов „Вдиши Театар". Фестивалот се одржа од 14 до 18 јуни и беше поддржан од Општина Охрид. Во тридневната програма, својот актерски талент, умешност и креативност, низ 3 театарски претстави го прикажаа повеќе од 30 талентирани млади актери-аматери од организациите на Општинска организација Охрид и од Црвен крст Суботица и Крагуевац, Србија. Тесен беше просторот во предворјето на црквата Св.Софија да ги собере сите љубители на театарската игра, кои дојдоа да „ВДИШАТ ТЕАТАР" и бидат дел од отворањето на осмото издание на Аматерскиот театарски фестивал „ВДИШИ ТЕАТАР", кој како предвесник на охридското културно лето свечено беше отворен на 14.06.2023 година во предворјето на црквата - Св.Софија со почеток во 21:00 ч. Блескав настап на театарската група на Црвен крст Охрид која ја изведе театарската претстава „БАРА" во авторство и режија на Емилија Блажеска, Весна Терзиоска и Јованка Сион Доленц. Нашите млади, талентирани актери, на креативен и сликовит начин ги прикажаа животните судбини и предизвици на жртвите на еден систем со нарушени вредности, борбата на човекот со различни искушенија и неправди поминувајќи по тежок пат исполнет со очај и рамнодушност, лутајќи во лавиринтот на безнадежноста, во потрага за подобро утре и подобри ние.
Целта на овој театарски фестивал е поттикнување на младите за искористување на својот театарски потенцијал, креирање театарска игра и прикажување театарски претстави. Фестивалот е можност за промоција на работата на театарски надарените волонтери на Црвен крст Охрид, но и поттик за останатите да се приклучат, ги стекнат и негуваат вештините на актерството. Самиот фестивал беше еден чекор напред во подигнување на театарската култура, не само кај младите, туку и кај останатите граѓани, а воедно претставува и почеток на културното лето во Охрид.
И оваа година Младинскиот аматерски театарски фестивал „ВДИШИ ТЕАТАР" ги исполна очекувањата на организаторот Црвен крст Охрид, а ценејќи според интересот, посетеноста и позитивните реакции и коментари на публиката, овој фестивал го најде и оправда своето место во охридскиот културен простор. Кога на тоа ќе се додаде и можноста која младите целосно ја искористија да креираат театарската игра и да ја афирмираат својата талентираност и сплотеност без јазични, или било какви други бариери, силните хумани пораки кои ги упатија преку театарските претстави, контактите и врските воспоставени со меѓусебното дружењето во текот на четирите дена, со право „ВДИШИ ТЕАТАР" претставува препознатлив производ и во земјата и во странство, со кој Општинска организација Охрид се гордее .
Изразуваме искрена благодарност до учесниците на фестивалот, до публиката, до волонтерите и вработените во Црвен крст Охрид, до медиумите, до општина Охрид и до сите институции, фирми и поединци кои го овозможија, поддржаа и помогнаа одржувањето на театарскиот фестивал „ВДИШИ ТЕАТАР" 2023.

- **Вдиши театар- Посета и претстава во Црвен крст Требиње**

Театарската група на Црвен крст Охрид во период од 7 до 10 септември 2023 г. беше во посета на Црвен крст Требиње, Босна и Херцеговина каде во петокот, на 8 септември 2023 г. пред многубројната публика во Културниот центар во Требиње успешно ја изведе театарската претстава „БАРА" со која младите актери на Црвен крст Охрид на креативен начин ги прикажаа животните судбини и предизвици на жртвите на еден систем со нарушени вредности, борбата на човекот со различни искушенија и неправди поминувајќи по тежок пат исполнет со очај и рамнодушност, лутајќи во лавиринтот на безнадежноста во потрага за подобро утре и подобри ние, што за жал е секојдневие на повеќето луѓе кои живеат на просторите на поранешната СФРЈ. Претставата „БАРА" во сценарио и режија Емилија

Блажеска, Весна Терзиоска и Јованка Сион Доленц, театарската група на Општинска организација Охрид премиерно ја изведе на отворањето на овогодинешниот Аматерски младински театарски фестивал „ВДИШИ ТЕАТАР“.
Посетата на Црвен крст Требиње, волонтерите на Општинска организација Охрид ја искористија за воспоставување нови пријателства и дружење со волонтерите на Црвен крст Требиње и запознавање со знаменитостите и убавините на овој крај. Оваа средба на младите во Требиње ќе ја зајакне и прошири постоечката соработка на двете организации на Црвен крст и во делот на театарската уметност со дефинирање на учеството на волонтери на Црвен крст Требиње на Аматерскиот младински театарски фестивал Вдиши Театар наредната година во Охрид.

- **Вдиши театар-претстава во Центар за култура Охрид**

Уште еден прекрасен настап настап на театарската група на Црвен крст Охрид со театарската претстава „БАРА“ во режија и авторство на Емилија Блажеска, Весна Терзиоска и Јованка Сион Доленц. Талентираните млади актери-волонтери на Општинска организација Охрид на 20.09.2023 г пред охридската публика, која ја исполни салата во Центарот за култура „Григор Прличев“ Охрид на реален и креативен начин ги прикажаа животните судбини и предизвици на жртвите на еден систем со нарушени вредности, борбата на човекот со различни искушенија и неправди поминувајќи по тежок пат исполнет со очај и рамнодушност, лутајќи во лавиринтот на безнадежноста во потрага за подобро утре и подобри ние. Силен одекна нивниот крик и повик за будење и потреба од достоинствен живот во својата земја.
Претставата „БАРА“ театарската група на Црвен крст Охрид премиерно ја изведе на отворањето на овогодинешниот Аматерски младински театарски фестивал „ВДИШИ ТЕАТАР“ во јуни, а септември 2023 г. имаше свое гостување и во Требиње, Босна и Херцеговина.

**Психо-социјално советувалиште „ЗБОР ПО ЗБОР“**

Одржување на едночасовни советодавни сесии за правилно и навремено справување со стресот и подобрување на начинот на живеењето. Тим составен од психолози, педагог и социјален работник преку советување, користејќи методи на разговор, сугестија, интроспекција, набљудување работеа на подобрување на менталното здравје кај деца и млади, адолесценти и возрасни лица од Охрид и регионот. Во текот на 2023 година беа одржани 22 советодавни сесии и опфатени 13 лица.

**ПРОЕКТ "Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени"**

Проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“ го спроведува Црвен крст Охрид во партнерство со Истражувачко друштво „Урсус спелеос“ – Скопје. Овој проект е поддржан од Prespa Ohrid Nature Trust (PONT); договорот со PONT беше потпишан на ден 15.08.2022 година, по успешното завршување на проектот „Развој на едукативни ресурси за заштита на пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичица”.

Имплементацијата на проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“ започна на 1 септември 2022 година и ќе трае до септември 2025 година. Проектот се реализира со цел зајакнување на капацитетите на Националниот парк Галичица и подигнување на свеста на на локалното население за адаптација кон климатски промени и заштита на загрозените растителни и животински видови и пештерските екосистеми. За да се оствари оваа цел, ќе се преземат низа научни, едукативни и активности за јакнење на капацитети за заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица.

Специфични цели на проектот се:

- Менаџментот на Националниот парк Галичица е информиран со научни докази за ефекетите на климатските промени врз пештерските екосистеми и загрозените видови.
- Локалното население разбира како климатските промени влијаат врз пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица и како да се адаптира кон промените.

- Негативните ефекти на климатските промени се ефективно управувани за да се заштити загрозениот биодиверзитет во Националниот парк Галичица.
- Ефективно управување со проектот и ефективна соработка помеѓу партнерите.

Проектните цели ќе се постигнат преку остварување на следниве резултати:

- Резултат 1: Планот за управување со Националниот парк Галичица е ажуриран во однос на ефектите на климатските промени врз пештерските екосистеми и врз загрозените видови
- Резултат 2: Постои капацитет за намалување на и за адаптација кон ефектите на климатските промени врз биолошката разновидност на паркот
- Резултат 3: Поставени се алатки и програми за едукација на ученици од основни училишта, поврзани со влијанието на климатските промени врз ендемични видови растенија и животни во Националниот парк Галичица, вклучувајќи ги и пештерските екосистеми и пештерската фауна
- Резултат 4: Мрежа од основни училишта и невладини организации од охридско-преспанскиот регион овозможува едукација за приспособување кон климатските промени
- Резултат 5: Ученици во основните училишта во охридско-преспанскиот регион ја разбираат потребата од адаптирање кон климатските промени за да се заштитат пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови и информирање на општата популација за потребата од заштита на Националниот парк Галичица
- Резултат 6: Црвен крст Охрид и Национален парк Галичица остваруваат ефективна соработка за гаснење шумски пожари, логистичка поддршка, спасување и прва помош при гаснење шумски пожари во Националниот парк Галичица

Низа активности се предвидени за реализација во рамките на проектот, и тоа: научно-истражувачки активности за влијанието на климатските промени врз живиот свет, особено врз загрозените видови, и пештерските екосистеми; едукативни активности чијашто цел е да се зајакне свеста на населението за влијанието на климатските промени врз загрозените растителни и животински видови и пештерските екосистеми и за адаптација кон овие промени; јакнење на локалните капацитети за редуцирање на негативните влијанија на климатските промени и за справување со нивните последици.

Во 2023 година, во рамките на овој проект:

- Заврши спроведувањето на научното истражување на пештерите Самотска Дупка и Лескоечка за геодиверзитет, биодиверзитет и климатски фактори (проектна активност 1.1). Потоа, изработени беа студии на случај за истражените пештери, во коишто се изнесени наодите од спроведеното истражување.
- Завршија активностите за инвенторизација на пештерите во Националниот парк Галичица (проектна активност 1.2). Врз основа на резултатите од спроведувањето на оваа активност, се изработи база на податоци за истражените пештери којашто е прва од таков вид во Северна Македонија.
- Заокружена беше првата проектна година (од 1 септември 2022 до 1 септември 2023). По тој повод, во просториите на Црвен крст Охрид се одржаа две средби. На првата средба, којашто се одржа на 13.09.2023, присуствуваа претставници на проектните партнери, Црвен крст Охрид и Истражувачко друштво „Урсус спелеос“ – Скопје, и претставници на Јавната установа Национален парк Галичица (ЈУНПГ). Во текот на оваа средба, проектниот тим ги презентираше резултатите постигнати во првата година од спроведувањето на проектот и се дискутираше за претстојните проектни активности. Втората средба, одржана на 25.09.2023, беше посветена на резултатите од научните истражувања коишто во рамките на проектот се спроведуваа во пештерите на Галичица. Презентацијата ја проследија претставник на Prespa Ohrid Nature Trust (PONT) и претставници на ЈУНПГ.
- До донаторот, Prespa Ohrid Nature Trust (PONT), поднесен беше првиот interim извештај, технички и финансиски. PONT го одобри овој извештај на 1 ноември 2023.
- Изработени беа две научно-популарни публикации, и на македонски и на англиски јазик, една за растителни и животински видови во Националниот парк Галичица и една за пештерите во Паркот.
- Изработени беа два летоци, и на македонски и на англиски јазик, еден посветен на фауната во Националниот парк Галичица, а другиот на пештерите во Паркот.

- Започна изработката на видео-материјали, два посветени на подземните карстни форми во Националниот парк Галичица и два посветени на растителните и на животинските видови во Паркот.
- Се уреди и се опреми нова лабораторија во просториите на Јавната установа Национален парк Галичица, со којашто лабораторија се подобрија можностите за испитување на растителни и животински видови во заштитеното подрачје и влијанието на климатските промени врз нив, а воедно и се зајакнаа и управувачките капацитети на Националниот парк Галичица.
- Изработена и поставена беше заштитна врата на влезот на Лескоечка Пештера во Националниот парк Галичица. Заштитната врата е дизајнирана според стандардите на EUROBATS. Со поставувањето на оваа врата, заштитени се пештерските канали, лилјаците и останатата пештерска фауна. Вратата е поставена во влезниот дел на пештерскиот канал и не се гледа однадвор, така што е запазен естетскиот момент на природната средина.
- Се одржуваше редовна комуникациија помеѓу проектните партнери со цел да се планира и координира спроведувањето на проектните активности.

**Проект „И менталното здравје е важно!“ поддржан од Општина Охрид**

Проектот „И менталното здравје е важно!“ се реализираше со цел подобрена промоција на менталното здравје како интегрален дел на општото здравје во Општина Охрид. Во текот на периодот април-октомври, додека се имплементираше овој проект, се реализираа следните активности:

- Истражување за ставовите за барање помош за заштита на менталното здравје и за пристапот до услуги за заштита на менталното здравје во Општина Охрид. Наодите од истражувањето беа отпечатени во 150 примероци, а во дигитална форма беа објавени на веб-сајтот на Црвен крст Охрид.
- Предавање за менталното здравје од страна на психијатар за две групи учесници од постарата популација на 21 и 22.06, опфатени беа 37 лица.
- По повод Светскиот ден на менталното здравје, којшто се одбележува секоја година на 10 октомври, организирана беше јавна трибина за значењето на менталното здравје во заедницата. Трибината се одржа на 10.09.2023 во големата сала на Општина Охрид.
- По повод Светскиот ден на менталното здравје, организиран беше настан на отворено со цел да се промовира значењето на физичката активност за менталното здравје и да се упатат пораки во насока на поттикнување на активната грижа за менталното здравје и за намалување на стигмата околу менталните заболувања.
- По повод Светскиот ден на менталното здравје, организиран беше настан за менталното здравје наменет за млади – дискусија во врска со прашања за менталното здравје од особен интерес за младите луѓе.
- Дизајнирани и отпечатени беа промотивни материјали, обележувачи за книги (300 примероци) и беџови (200 парчиња), коишто Црвен крст Охрид ќе ги користи, односно дистрибуира при реализирањето на активности посветени на менталното здравје.
- Имплементацијата на проектот заврши на крајот од месец октомври. До Општина Охрид беше поднесен еден interim извештај и финален наративен и финансиски извештај.

## ИНФОРМИРАЊЕ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

### ОТВОРЕНИ И ТРАНСПАРЕНТНИ ПРЕД ЈАВНОСТА

Активностите кои Црвен крст Охрид ги организираше и реализираше во текот на 2032 беа најавени и објавени и за нив се известуваше во сите локални медиуми, а дел и во националните средства за јавно информирање. Преку јавност и отчетност во нашата работа го креираме имиџот и угледот на Црвен крст Охрид.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Богатата и интензивна меѓународна соработка на Црвен крст Охрид со сродни организации од странство резултираше со неколку работни посети, размена на искуства и надградба на човечките и материјално-техничките капацитети на организацијата:

- Соработка со учесничка во програмата за виртуелна служба на Мировниот корпус- Во период од март до мај 2023 година учесничката во програмата на Мировниот корпус и нејзината соработничка од Црвен крст Охрид Одржуваа редовни неделни состаноци, се презентираа на активностите на американскиот Црвен крст за справување со катастрофи,се идентификувани ресурси за развој на неформално-едукативни активности за млади, се одржа три работилници за млади (Решавање проблеми, Критичко мислење и лидерски вештини) -опфатени 56 волонтери
- Во рамки на меѓународната соработка и на покана на Црвен крст Ужице во период од 30.03 до 02.04 2023 година беше реализирана работна посета на Црвен крст Ужице. Оваа работна посета беше наменета за волонтери и вработени во стручната служба
- Реализација на заедничка активност со делегација на Црвен крст Ужице,Суботица, Крагуевац, Бар и Требиње за Аматерски театарски фестивал „Вдиши Театар“ во период од 14-18.06.2023 година
- Посета на претседателот и секретарот на Црвен крст Охрид во Црвен крст Бар - Организацијата на Црвен крст во Бар во период од 03-08.10.2023 година беше домаќин на конференцијата за претставници на организациите на Црвен крст Крагујевац, Црвен крст Требиње и Црвен крст Охрид. За време на тридневниот престој се разговараше за програмските активности кои не поврзуваат, предизвиците и проблемите со кои се соочуваме, кога станува збор за мандатот и мисијата на Црвениот крст. На работата присуствуваа и националните координатори на Црвен Крст Црна Гора за одговор при катастрофи и прва помош, како и секретарот на Црвен Крст Тиват со соработниците. На покана на секретарот на Црвен Крст Цетиње беше организирана посета на таа организација и Спомен - собата која ја претставува историјата на Црвениот крст од 1875 – 1945 година.
- Тренинг за CEA во Лозен, Бугарија - Во период од 04.06.2023-08.06.2023, во организација на Меѓународната Федерација на Црвен крст се одржа тренинг за Community engagement and accountability (CEA) во Лозен, Бугарија. На овој тренинг учество зедоја четири претставници од Црвен крст на Република Северна Македонија, меѓу кои и претставник од Црвен крст Охрид, Даниела Вељановска, вработена во стручната служба. Учество во тренингот зедоа и националните друштва на Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Бугарија. Обуката беше поддржана и одржана од експерти за CEA од Меѓународна Федерација на Црвен крст. По завршување на тренингот, сите учесници се стекнаа со сертификат.

## СЛУЖБА ЗА БАРАЊЕ

Службата за барање е посебна служба во Црвениот крст на Република Северна Македонија, чија функција е да ги извршува работите околу известување за жртви од вооружени конфликти и елементарни несреќи со цел лицата заштитени со Женевските Конвенции и Дополнителните протоколи да можат да ги остварат своите права кои сепредвидени со тие прописи.
Во текот на изминатата 2023 година, Службата за барање на Црвен крст Охрид имаше еден регистриран случај за пронаоѓање на семејни врски и воспоставување на контакт.

## МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ

Изразуваме голема благодарност до сите поддржувачи, помагатели и донатори на активностите на Црвен крст Охрид кои во текот на 2023 година со својата хуманости конкретна помош допринесоа за успешна и ефикасна реализација на нашите програми со што се помогна на голем број лица со социјален ризик и здравствени потешкотии.